ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:17-211/6

Дата: 18.12.2013

ДО

АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (во понатамошниот текст АСИПИРМ) – сметка на основен буџет - 637, за 2012 година.

Ревизијата утврди дека пет од дадените препораки од извршената ревизија за 2008 година се имплементирани и две не се спроведени.

Со ревизијата за 2008 година за финансиските извештаи искажано е негативно мислење, додека за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции искажано е мислење со резерва.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2012 година, додека активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај АСИПИРМ - сметка на основен буџет - 637, за 2012 година како позначајни ги истакнуваме следните слабости:

- Од организациски и кадровски аспект не е воспоставен целосен систем на интерни контроли, не се донесени процедури и постапки на сите нивоа на работење, посебно во делот за државната помош и маркетинг кампањата, не

е воспоставена внатрешна сметководствена контрола, и не се следи реализацијата на набавките по склучените договори. Со забелешките доставени се пишани процедури, упатства, донесени во месец септември и октомври 2013 година, за дел од процесите на работењето.

- Ревизијата укажува на неусогласеноста во дадените надлежности на органите на управување и раководење, во Законот и Статутот на АСИПИРМ, за што ревизијата препорачува да се изврши целосна анализа и проверка во насока на нивно усогласување.
- При исплатата на средствата по основ на државна помош и медиумска кампања, не се постапува на начин утврден со законскиот и подзаконскиот акт од страна на органите на управување и раководење, односно се врши исплата без одлучување и одобрување од Управниот одбор.
- Кај државната помош, по договорите за доделена државна помош на корисници на ТИРЗ, не се води целосна евиденција со податоци за видот и висината на доделена државна помош по поединечни приматели – корисници на ТИРЗ, во која се вклучени, покрај исплатените парични средства на име грант преку АСИПИРМ согласно ЗТИРЗ и ЗКДП, и остварените даночни и царински ослободувања преку другите надлежни институции, УЈП и Царинска Управа на РМ; не се врши следење и контрола во исполнувањето на договорените обврски од страна на инвеститорите (вредност на инвестиција, број на вработени, доставување на извештаи), контрола на остварените даночни и царински ослободувања, во соработка и комуникација со другите државни институции; не се доставуваат целосни информации и извештаи за доделената државна помош, до Собранието на РМ и до ДТИРЗ, за определен период и во рок, согласно законските прописи.
- Кај маркетинг кампањата, не е обезбедена потврда на вредноста на договорите/медиа плановите, а за исплатените средства по овој основ и во најголем дел не е обезбедена уредна и веродостојна документација.
- Кај економските промотери, утврдени се недоследности во начинот и висината на признавање на трошоците помеѓу интерните акти на АСИПИРМ во однос на законските и подзаконските прописи, кои произлегуваат главно поради упатување на промотери во земја/град во кој РМ нема свое ДКП; не се спроведува постапката на оценување на работата на промотерите; кај дел од промотерите не се почитуваат пропишаните процедури и постапки во интерните акти, а при признавањето на одделни видови на трошоци не се обезбедува уредна и веродостојна сметководствена документација; на крајот на годината искажани се побарувања од промотерите за кои не е извршен попис, а истите произлегуваат од исплатени аванси на име на оперативни трошоци во странство, кои не се оправдани до крајот на годината, не се води евиденција на сите дадени депозити, посебно за закупнини, по склучени договори поради што постои ризик од ненавремено или невраќање на дадениот депозит, по истекот на договорот.

Со цел подобрување на состојбата во АСИПИРМ, ревизијата даде препораки за преземање активности за воведување на систем на интерни контроли, со донесување на пишани процедури и постапки на сите нивоа на работење и нивно спроведување. Со забелешките доставени се пишани процедури, упатства, донесени во месец септември и октомври 2013 година, за дел од процесите на работењето, со кои се очекува да се надминат констатираните состојби.

Заради обезбедување на објективни услови за контрола и следење на исполнувањето на условите за добивање односно исплата на државна помош, ревизијата препорача да се преземат активности за организациско и кадровско екипирање на агенцијата, да се воспостави процедура односно да се овозможи ефикасна имплементација на донесената процедура за контрола, оценување и следење на државната помош, а особено обезбедување контрола на наменското трошење на средства по основ на грантови и контрола на остварените поволности по основ на даночни и царински ослободувања, да се воведе евиденција за доделената државна помош, и навремено да се доставуваат информации и извештаи за доделената државна помош, до надлежните органи согласно законските прописи.

Во врска со маркетинг кампањата, да се преземат активности за имплементирање на донесените процедури за следење на реализација на медиа плановите и останатите одредби од договорите и за чување и архивирање на сите материјали кои се потврда на потрошените средства за медиумска кампања.

Во наредниот период исплатите на средства по основ на државна помош и медиумска кампања да се вршат по претходно донесена одлука од УО, врз основа на уредна и веродостојна документација. По донесувањето и усогласувањето на внатрешните акти и другите прописи за работењето на економските промотери согласно важечките законски и подзаконски акти, да се обезбедат услови за нивна целосна имплементација, а признавањето на трошоците да се врши врз основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

Во поглавјето нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата ги обелодени состојбите во врска со договорите за доделување на државна помош, во случај на неисполнување на инвестициските обврски.

На 16.10.2013 година, примени се забелешки од директорот на АСИПИРМ на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност. Забелешките во најголем дел претставуваат известување за постапување по дадените препораки односно дел од забелешките не се прифатени од овластениот државен ревизор од причина што не се доставени дополнителни докази за промена на утврдените состојби во извештајот.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 25 до 27 заедно со ревизија на усогласеност на АСИПИРМ (во понатамошниот текст АСИПИРМ) – сметка на основен буџет – 637, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2012 година, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2013 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2008 година и издаден е извештај за финансиските извештаи на АСИПИРМ, во кој е искажано негативно мислење за финансиските извештаи, додека за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции искажано е мислење со резерва. За годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Висар Фида - директор на АСИПИРМ од 13.09.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на АСИПИРМ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Поради прашањата опишани во делот „Делокруг на ревизијата - ревизорски постапки“ ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Кај АСИПИРМ, не е воспоставен целосен систем на интерни контроли, не е извршен попис на побарувањата и обврските, а особено на побарувањата од вработените по основ на исплатени аванси на економските промотери; не е евидентиран деловниот простор кој го

користи агенцијата и не се евидентирани целосно обврските према добавувачите; кај државната помош, не се води целосна евиденција со податоци за видот и висината на доделена државна помош по поединечни приматели - корисници на ТИРЗ; документацијата, која е доставувана како доказ за исполнување на условите за исплата за различни видови на државна помош, во најголем дел не е соодветна и доволна од аспект на уредни, веродостојни и комплетни сметководствени документи; кај маркетинг кампањата, нема потврда на вредноста на договорите/медиа плановите.

Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи за 2012 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.03. до 31.05.2013 година кај АСИПИРМ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во февруари 2011 година извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година и изготвен е преглед број 25-64/2 од 09.02.2011 година за статусот на препораките доставен до раководителот на субјектот. Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека: 5 препораки се спроведени и 2 препораки не се спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 05.07.2013 година.

На 16.10.2013 година, примени се забелешки од директорот на АСИПИРМ на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност. Забелешките во најголем дел претставуваат известување за постапување по дадените препораки односно не се прифатени од овластениот државен ревизор од причина што не се доставени дополнителни докази за промена на утврдените состојби во извештајот.

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1 При оценка на системот на интерни контроли, а со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно ЗЈВФК, поради нивното влијание на реалното и објективно презентирање на финансиските извештаи и усогласување на работењето со законите, другите прописи, утврдената политика, плановите и постапките, ревизијата го констатира следното:

- Организациската структура е транспарентна, јасна и постои разграничување на должности и одговорности, меѓутоа од систематизираните 124 работни места пополнети се само 35.
- Не е воспоставена целосна внатрешна сметководствена контрола, не се донесени упатства и процедури за финансиско работење и не е доекипиран секторот за финансиски прашања, поради што не е обезбедено квалитетно финансиско управување и контрола. Во овој сектор, најголем дел од работните задачи ги врши раководителот, поради што не е воспоставено разграничување на должностите на начин со кој нема да се дозволи едно службено лице истовремено да биде одговорно за одобрување, извршување, сметководство и контрола.
- По склучените договори за набавки на стоки и услуги, не се следи реализацијата на набавките од аспект на количината, цената и вредноста согласно договореното од одделението за јавни набавки, ниту пак постои потврда на набавката од секторот за кој се наменети стоките или се врши услугата.
- Со актот за систематизација предвидено е одделение за внатрешна ревизија, меѓутоа истото не е екипирано односно од вкупно 3 предвидени работни места, пополнето е само местото раководител. Во изминатиот период извршена е само една ревизија за процесот на доделување на државна помош, со која се утврдени неправилности од аспект на нефункционирањето на системот на интерни контроли.
- Процесот на доделувањето на државната помош на инвеститорите, корисници на ТИРЗ, кој согласно законските и подзаконските акти се реализира преку агенцијата, претставува комплексна задача за чие што следење и контрола во исполнувањето на договорните обврски (вредност на инвестиција, број на вработени), поврзани со рокови, кои траат повеќе години, следењето на реализацијата на договорите, од аспект на даночни и царински ослободувања и олеснувања, трае најмалку 10 години за што е потребен компетентен, стручен и професионален кадар за да може да одговори на сите обврски, по склучувањето на договорот. Секторот за поддршка и контрола на работењето на инвеститорите, задолжен за вршење на работи и задачи поврзан со доделувањето на државната помош систематизиран е со 34 а пополнет е со 6 извршители а доделувањето на државната помош се врши со Комисија формирана од директорот за составување и следење на договорите за државна помош во ТИРЗ. Со ваквиот начин на работење не се обезбедени услови за контрола и следење на договорните и други обврски на инвеститорите од областа на инвестиционите вложувања по основ на користењето на средствата и доделувањето на државната помош.

Поради наведеното, АСИПИРМ не е во можност да ги намали ризиците во работењето што може да доведе управувањето со јавните средства, да не се врши на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Во јануари 2013 година донесена е процедура за утврдување/попис на работните процеси која се однесува на работењето во секторот за финансиски прашања.

Со забелешките доставени се пишани процедури, упатства, донесени во месец септември и октомври 2013 година, за дел од процесите на работењето со чија имплементација треба да се зајакне системот на интерни контроли.

**Препораки:**

- Органите на управување и раководење во АСИПИРМ да преземат активности за организациско и кадровско екипирање на агенцијата а посебно во Секторот за подршка и контрола на работењето на инвеститорите со цел да се одговори на поставените задачи и обврски во делот на државна помош.
- Одговорното лице во АСИПИРМ да воспостави целосен систем на интерни контроли, со донесување на пишани процедури и постапки на сите нивоа на работење, да се создадат услови за имплементирање на донесените процедури, со цел да се обезбеди ефикасен систем на финансиски менаџмент и контрола во сите процеси на работењето.
- Органите на управување и раководење кај процесот на доделување на државната помош целосно да ја имплементираат процедурата за начинот и постапката на контрола и следење на сите договорни обврски по договорите (исполнување на услови, вредност на инвестиција, број на вработени) со која ќе се овозможи и целосно и навремено исполнување на сите работни задачи предвидени со актот, а особено обезбедување контрола на наменското трошење на средства по основ на грантови и контрола на остварените поволности по основ на даночни и царински ослободувања.
- Одговорните лица во АСИПИРМ да пропишат процедури и да воспостават постапка за следење на реализацијата на договорите од извршените набавки.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1 По донесувањето на новиот Закон за основање на АСИПИРМ, во јули 2010 година, Владата на РМ имала обврска, во рок од 10 дена од денот на започнување на примената на законот, да ги именува членовите на УО, со тоа што стариот состав продолжува да ја врши функцијата до именувањето на новиот УО. Новиот состав на УО, е именуван во јануари/февруари 2012

година, иако Агенцијата се обратила со барања во јули 2010 и февруари 2011 за именување на нов состав. Со ревизијата утврдени се констатации во однос на утврдените надлежности на органите на управување, како и неусогласеност во начинот на организација на Агенцијата, и тоа:

- Во Статутот, постои разлика во однос на работите што ги врши директорот утврдени со законот, со тоа што со овој акт, на директорот му е дадено право да ги спроведува и извршува одлуките на Владата на РМ, како и да врши одредени деловни активности на Агенцијата кои што работи се во надлежност на организационите единици односно на Секторите утврдени со Правилникот за внатрешна организација на АСИПИРМ. Во октомври 2013 година, УО донел Одлука за изменување и дополнување на Статутот, која е дадена во прилог на забелешките, со што субјектот делумно постапил по препораката.
- Организацијата на Агенцијата, регулирана во член 11 од Статутот, со сектори и одделенија, не го содржи делот кој се однесува на внатрешна, регионална и можна меѓународна организација, предвидено во член 13 став 4 од Законот за основање на АСИПИРМ, односно не е формирана организациона единица за извршување на активности кои се однесуваат на оваа област. Истото како концепт е предвидено со Програмата на Владата на РМ, за период 2011-2015 година и донесените заклучоци од август 2011 година, во врска со Проектот за реструктуирање на мрежата на промотери и отварање на 6 регионални канцеларии, за што е формирана Комисија.

**Препорака**

Органите на управување и раководење да преземат мерки и активности со цел да се усогласат одредбите на Статутот и одредбите на Законот за основање на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

4.2.2 Со Одлука, бр. 02-1796/7 од 29.09.2011 година, донесена од УО, а по извршеното дополнување на Законот за основање на АСИПИРМ, од март 2011 година, со кој вработените лица во Агенцијата стекнуваат статус на државни службеници, со исклучок на економските промотери и лицата кои вршат помошни и технички работи, укинати се поголем број на внатрешни акти на претходната Агенција за странски инвестиции. Согласно член 2 од Одлуката, внатрешните акти остануваат да важат и ќе се применуваат само во однос на економските промотери до денот на донесување на нови акти. Согласно член 3 од Одлуката, се задолжува Директорот на Агенцијата, во рок од 3 месеци од денот на донесување на оваа одлука, до УО да достави нови внатрешни акти за регулирање на правата, обврските и одговорностите од работниот однос на економските промотери.

Во 2012 година донесен е нов Правилник за работа на економските промотери во странство и за утврдување на плати, додатоци на плати и надоместоци по утврдени трошоци за економските промотери во АСИПИРМ, со што престануваат да важат двата правилника, од април 2010 и јули 2010 година. Останатите акти кои се однесуваат на оценувањето, дисциплинската и материјална одговорност, начинот на водење на дисциплинска постапка и износот на надоместокот за материјална штета, кодексот на деловно однесување и упатството за работа на економските промотери `сеуште не се донесени, што не е во согласност со член 3 од Одлуката, донесена од УО. Ваквата состојба на недонесени акти за работата на економските промотери може да влијае на начинот на нивното работење.

Со забелешките од АСИПИРМ доставени се интерни акти за работењето и функционирањето на економските промотори донесени во текот на месец септември и октомври 2013 година.

4.2.3 Во АСИПИРМ, при исплатата на средства по основ на исплата на државна помош и медиумска кампања, не се применуваат одредбите од Статутот, во делот на надлежностите и работите кои им се дадени на УО односно директорот. Имено, согласно член 14 став 1 точка 9 од Статутот, од јули 2012 година, на УО му е дадена надлежност да одлучува за сите прашања од делокругот на Агенцијата кои го надминуваат износот од 5.000 евра во денарска противвредност, со исклучок на јавните набавки опфатени со планот за јавни набавки, а согласно член 20 став 1 точка 8 од Статутот, директорот ги извршува и спроведува одлуките на УО. Непостапувањето на начин утврден со законскиот и подзаконскиот акт од страна на органите на управување на Агенцијата претставува исплата на средства без одобрување на УО, што може да доведе до ненаменско трошење на средства.

**Препорака**

Во наредниот период Управниот одбор да одлучува за сите прашања од делокругот на Агенцијата кои го надминуваат износот од 5.000 евра во денарска противвредност, со исклучок на јавните набавки опфатени со планот за јавни набавки.

4.2.4 Согласно член 24 став 3 од ЗКДП, секој давател и корисник на државна помош е должен да води прецизна евиденција за доделената, односно примена државна помош. Во изминатиот период во АСИПИРМ не се обезбедуваат целосни податоци за видот и висината на доделената државна помош на поединечни корисници на ТИРЗ - приматели на државна помош, во која треба да бидат вклучени, покрај исплатените парични средства на име грант согласно ЗТИРЗ и ЗКДП, обезбедени со Буџетот на Агенцијата во потпрограма ДЕ – Поддршка на инвестициони вложувања,

туку и податоците од УЈП и Царинската Управа на РМ, доделени во вид на остварени даночни и царински ослободувања и олеснувања, согласно ЗТИРЗ, во изминатата година. Поради наведеното АСИПИРМ во периодот од основањето до денот на ревизијата, нема доставувано целосни информации за доделената државна помош до 28 февруари во тековната година, за изминатата година, до Собранието на РМ и до ДТИРЗ, што не е во согласност со член 4 став 1 точка 15 од Законот за основање на АСИПИРМ и член 4-а став 12 од ЗТИРЗ. Исто така, не е почитуван ниту ЗКДП според кој, секој давател на државна помош е должен најдоцна до 1 март во тековната година до КЗК, да достави Годишен извештај за доделената државна помош во претходната година, (образец 2), согласно член 24 став 1 од ЗКДП и член 8 став 2 од Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош, и член 7 став 1 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош.
Непочитувањето на законските прописи, влијае на целосноста на годишниот извештај за работата на КЗК во делот за државната помош кој има обврска да го изработи Комисијата и да го достави до Собранието на РМ, согласно член 26 став 6 од Законот за заштита на конкуренцијата, и дава нецелосна слика за доделената државна помош во вид на регионална помош заради остварувањето на целите на регионалната политика на РМ со која се подржуваат продуктивни почетни инвестиции или отварање на работни места, поврзани со инвестициите.

Од страна на одговорното лице на Агенцијата, во септември 2013 година донесено е Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош и доставени се барања – дописи за обезбедување на податоци до корисниците на државна помош и надлежните институции со што се преземени активности за надминување на состојбите во наредниот период.

**Препораки:**

- АСИПИРМ да воведе прецизна евиденција за доделената државна помош, заради обезбедување на целосни податоци за видот и висината на доделената државна помош по поединечни корисници на ТИРЗ - приматели на државна помош.
- АСИПИРМ да доставува целосни информации за доделената државна помош до 28 февруари во тековната година, за изминатата година, до Собранието на РМ, КЗК и до ДТИРЗ, согласно законските прописи.

4.2.5 АСИПИРМ, преку која во име на Владата на РМ, се склучуваат договорите за доделување на државна помош, е должна да го следи обемот на државна помош при реализирањето на овие договори до границата на максималниот интензитет на регионална помош кој не смее да премине над дозволеното

со законот, односно најмногу до 50% од оправданите инвестициски трошоци. АСИПИРМ нема воспоставено евиденција за контрола и следење на доделувањето на државна помош по договорите на поединечни приматели на државна помош – корисници на ТИРЗ, до дозволената граница на максималниот интензитет, до најмногу 50% од оправданите инвестициски трошоци, која обврска произлегува од одредбата во член 4-а, став 4 и 9 од ЗТИРЗ. Не воспоставената евиденција придонесува да не се располага со податоци колкав е степенот на искористеност на регионална помош доделена со договорите од одделни инвеститори, во определен пресметковен период, врз основа на кој се добива сознание и за висината на обврската на државата према инвеститорите во натамошниот период. Од друга страна, постои ризик од евентуално надминување на оваа граница утврдена со закон.

**Препорака**

АСИПИРМ да воспостави евиденција за доделената државна помош, заради обезбедување на податоци за степенот на искористеност на регионална помош доделена со договорите од одделни инвеститори, во определен пресметковен период, со цел да не се надмине максималниот износ на вкупната (кумулативна) доделена државна помош утврдена со закон.

4.2.6 За 2012 година не е спроведена постапка за оценување на работата на економските промотери на начин опишан во одредбите од член 19 до 26 од Правилникот за утврдување на начинот и постапката за оценување на вработените во АСИПИРМ, содржината на извештаите и образецот за оценување, од април 2010, со измени и дополнувања, во октомври 2010 година односно не е изготвен извештај за извршени оценувања кој би претставувал квантитативна и квалитативна анализа на процесот на оценување на економските промотери. Согласно член 21 од Правилникот, оценувањето се врши врз основа на повеќе критериуми, за кои се добиваат поени, меѓу кои за навремено доставување на извештаи како и за квалитетот на доставените извештаи, за која што се добива конечна оцена. Воспостувањето на постапки на оценување е потребно со цел да се оцени оправданоста и ефектот од работењето на економските промотери за економска промоција на земјата односно за остварување на целта за која се ангажирани.

**Препорака**

Одговорното лице на АСИПИРМ да преземе мерки за спроведување на постапка за оценување на работата на економските промотери.

4.2.7 Во текот на 2012 година, за ангажирањето на економските промотери и начинот на признавање на трошоците од нивното работење, се применуваат

одредбите од член 78 и 79 од Законот за надворешни работи кои се однесуваат на упатување на службеници вработени во државни органи или други органи на државната управа во ДКП, и донесените подзаконски акти, Уредбата и решенијата за плати и надоместок за изнајмување на стан. За начинот на работа и признавањето на трошоците на промотерите донесени се интерни акти во АСИПИРМ, за работа на промотерите и за утврдување на плати, додатоци на плати и надоместоци на трошоци, за кои до октомври 2012 година се применувале старите акти од 2010 година, а после овој датум донесен е нов Правилник, кој ги опфаќа претходно наведените работи. Со ревизијата утврдени се одредени недоследности кои имаат влијание на висината на трошоците кои се признаваат на промотерите, а се однесуваат на:

- Во постапката на признавање на трошоците се применуваат одредбите од ЗНР и донесената Уредба, како и донесените интерни акти во Агенцијата, кои што главно се разликуваат во делот на признавање на трошоци за промотери упатени во град во кој РМ нема свое ДКП.
- Дополнувањето на Правилникот, во декември 2012 година, е направено поради упатувањето на економски промотери во градови во кои РМ нема свое ДКП, за кои не се утврдува висина на месечен надоместок за закуп на стан со Решението, од МНР. Со овој правилник во член 40-а е уредено за случаите во кои РМ нема свое ДКП, месечниот надоместок за изнајмување на стан да се утврдува согласно малопродажниот индекс на животни трошоци определен од ОН во однос на износот на сместување определен за дипломатски претставник со звање Трет секретар за Њујорк во Решението, од МНР. Според ова решение, висината на месечен надоместок за Њујорк изнесува 2.700 усд и е највисок износ на закупнина, поради што и пресметката за одредени градови врз основа на ова ќе биде повисока. Ваквиот начин на пресметка не е во согласност со писмените насоки дадени од МНР, согласно кои потребно е да се врши истражување на пазарот за висината на закупнините во градовите – државите и врз основа на тоа да се утврди висината на закупнина со одлука од одговорното лице во АСИПИРМ.
- Постои неусогласеност на начинот и висината на признавање на трошоците за јавен превоз и трошоците за превоз за службени патувања, утврдена во Правилникот (во член 47 и од член 48 до 53), во однос на Упатството за работа, (точка 4.1 до 4.7). Во новиот Правилник, кој што треба да се применува од октомври 2012 година, на друг начин се признаваат трошоците во однос на стариот Правилник, а истовремено не е донесено ново Упатство за работа, за усогласување и допрецизирање на пресметката и признавањето на овие трошоци.
- Документација врз основа на која се врши евидентирање на побарувањата од промотерите, задолжување и раздолжување, во

сметководствената евиденција, како и на документацијата приложена кон месечните финансиски извештаи, со приложените сметки, фактури, и сл, за потрошени средства, кои претставуваат основа за евидентирање во деловните книги, не е проверена и контролирана на начин и постапка согласно ЗЈВФК.

- Се користи Упатство за работа, врз основа на Правилник, од јули 2010, донесен од УО на претходната АСИ. По новиот Правилник, од октомври 2012 година, до денот на ревизија не е донесено ново Упатство.
- Во текот на 2012 година лицето именувано со посебно решение од директорот за Координатор, со обврска за организација, следење, координација и оценување на работата на промотерите, е заминато во мај 2012 година, иако според Правилникот за работа, Упатството и Правилникот за систематизација на работни места, оваа задача треба да ја врши раководителот на секторот за маркетинг и комуникации.

**Препораки:**

- Одговорното лице на АСИПИРМ да преземе мерки за донесување на интерни акти за работењето на економските промотери усогласени со важечките законски и подзаконски акти и да се обезбедат услови за нивна целосна имплементација.

- Признавањето на трошоците за оперативно работење на економските промотери, да се врши врз основа на уредни и веродостојни документи, со соодветна поткрепувачка документација, доставена од економските промотери, и потврдена и одобрена од одговорните лица во секторот за правни, општи и информатички работи, секторот за маркетинг и комуникации, и секторот за финансиски прашања.

## 4.3 Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

4.3.1 Со увид во начинот на кој се доделува државната помош на корисниците на ТИРЗ, која во 2012 година изнесува 112.920 илјади денари, ревизијата го констатира следното:

- Исплатата на средства во текот на 2012 година се врши врз основа на донесена Одлука од директорот, и Записник од Комисијата за составување и следење на договорите односно доделувањето на државната помош не се врши во рамките на секторот за поддршка и контрола на работењето на инвеститорите и примена и унапредување на законите и прописите за инвестициони вложувања, и по претходно

донесена Одлука од УО, во чија што надлежност, согласно Статутот, е да одлучува за сите прашања од делокругот на Агенцијата кои го надминуваат износот од 5.000 евра, со исклучок на јавните набавки.

- Врз основа на Барањето со прилог документација од инвеститорот како доказ за исполнување на определен услов, согласно договорот Комисијата, донесува заклучок дека се исполнети условите за добивање на државна помош со предлог до директорот, за што изготвува записник. Начинот на кој што се разгледуваат барањата не е пропишан и унифициран, а на документацијата нема верификација и потврда за извршена проверка од комисијата.
- Ревизијата утврдени се недостатоци и забелешки кај одделни инвеститори од причини што документацијата, во прилог на барањата од инвеститорите, по која е одлучувано, е неуредна, некомплетна и не е соодветна и доволна од аспект на веродостојни и комплетни сметководствени документи.
- Кај различни инвеститори за ист вид на државна помош (грант за учество во градба или грант за обука и усовршување) доставувани се различни докази за исполнет услов за исплата (реализирани оправдани инвестициски трошоци или оправдани трошоци за обука и усовршување) кои се прифатени такви како што се доставени од инвеститорите.
- Кај еден од инвеститорите, извршена е исплата на државна помош во вид на 50% компензација од бруто плата на вработените истовремено со ослободување од плаќање на персонален данок од доход на сите вработени во кои се вклучени и делот на вработените за кои се користи грант.
- Не се врши контрола на средствата доделени по основ на грантови, како и контрола на вработувањето и спроведените обуки на вработените кај инвеститорите, од аспект на обезбедување и следење на наменското трошење на средства доделени по овие основи.
- Не се преземени активности за обезбедување и проверка на извештаите за работењето и останатите обврски доставени од инвеститорите, особено од аспект на вредноста на инвестицијата и бројот на вработени, во утврдените рокови и износи, како основни услови за потврда на оправданоста на доделената државна помош. Во контекст на наведеното, не се врши проверка на точноста на податоците за вредноста на инвестицијата и бројот на вработени, преку усогласување и потврда со податоците со кои располагаат други надлежни институции, како што се Централен регистар на РМ, во делот на директни странски инвестиции и УЈП, во делот на исплата на бруто платите на вработените.
- Констатирани се поединечни забелешки поврзани со државната помош, и тоа: кај инвеститорите кај кои е изминат рокот за изградба на

објект, не е извршена пресметка на вкупната вредност на инвестицијата; кај еден инвеститор – корисник на ТИРЗ е утврдено дека производите се пласираат и на територијата на РМ, иако истите се произведени во ТИРЗ и се субвенционирани преку исплата на државна помош, со што стануваат поконкурентни на пазарот заради пониска цена или во случај да не е намалена цената остваруваат екстра профит.

- Не се врши контрола на остварените поволности по основ на даночни и царински ослободувања и олеснувања. Во контекст на наведеното, не е воспоставена редовна комуникација со другите државни институции УЈП, Царинска Управа, ДТИРЗ, кои имаат ингеренции во процесот на доделување, контрола и следење на договорните обврски.

Необезбедувањето на објективни услови за контрола и следење на исполнувањето на условите за добивање односно исплата на државна помош и друг вид на помош и/или субвенции, доведува до неуредна и неверодостојна сметководствена документација по која се одлучува и исплатува државна помош, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и може да доведе до ненаменски потрошени буџетски средства.

Со забелешките на Нацрт извештајот, од страна на одговорното лице во Агенцијата, доставени се Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош и Решение за задолжување на Секторот за поддршка и контрола на работењето на инвеститорите и примена на управување на законите и прописите за инвестициони вложувања, донесени во септември 2013 година, со чија имплементација се очекува да се надминат констатираните состојби.

**Препораки:**

- Одговорното лице во АСИПИРМ да преземе активности за имплементација на Упатството за контрола, оценување и следење на државна помош, како и да се донесе процедура за чување и архивирање на сите материјали и документација кои се потврда на потрошените средства за државна помош.
- Во наредниот период исплатите на средства по основ на државна помош да се вршат по претходно донесена одлука од Управниот Одбор, врз основа на уредна и веродостојна документација, потврдена од страна на секторот за поддршка и контрола на работењето на инвеститорите и примена и унапредување на законите и прописите за инвестициони вложувања, и секторот за финансиски прашања.
- Да се воспостави редовна комуникација со другите државни органи кои имаат ингеренции и надлежности поврзани со процесот на доделување на државната помош.

4.3.2 Со увид во реалноста и објективноста на искажаните трошоци по основ на медиумска кампања, во вкупен износ од 86.674 илјади денари, ревизијата го констатира следното:

- Агенцијата нема пропишана процедура за следење и реализација на медиа плановите, изборот на медиуми, со целна публика и таргет земји; со медиумите се преговара за поволна понуда – медиа план во рамките на определен буџет.
- Пред склучувањето на договорите за медиумска кампања за 2012 година не е обезбедена потврда за вредноста на договорите/медиа плановите - понудите.
- Документацијата која се однесува на вредноста на кампањата (медиа плановите), и реализацијата на кампањата не е архивирана и најголем дел од неа е обезбедена дополнително во електронска форма во текот на ревизијата.
- Пред да се признае одредена обврска по договор односно фактура, за одредени медиуми нема прилог на соодветна документација за реализација на кампањата поради што и не се врши споредба дали истото е усогласено со одредбите од договорите и медиа планот како дел од договорот.
- Во одредени случаи од страна на секторите за маркетинг и комуникации, и за финансиски прашања, не се почитуваат одредбите од договорите од аспект на признавање на обврските и плаќањето на истите.
- За исплатата на средства за маркетинг кампањата не е донесена одлука од УО, во чија надлежност, согласно Статутот, кој е во примена од јули 2012 година, истиот одлучува за сите прашања од делокругот на Агенцијата, кои го надминуваат износот од пет илјади евра во денарска противвредност, со исклучок на јавните набавки опфатени со усвоениот план за јавни набавки.

Необезбедувањето на уредна и веродостојна сметководствена документација не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, влијае на реалноста и објективноста на расходите по основ на рекламна кампања за 2012 година и може да доведе до ненаменски потрошени буџетски средства.

Во септември 2013 година, во Секторот за маркетинг и комуникации донесено е Упатство за работен процес поврзан со активностите за медиумска кампања и следење и реализација на медија плановите и останатите одредби од договорите, како и чување и архивирање на материјалите.

**Препораки:**

- Одговорното лице во АСИПИРМ да преземе активности за имплементирање на донесеното упатство за работниот процес поврзан со активностите за медиумска кампања и следење и реализација на медија плановите и останатите одредби од договорите, како и чување и архивирање на материјалите.

- Во наредниот период исплатите на средства по основ на медиумска кампања да се вршат по претходно донесена одлука од УО, врз основа на уредна и веродостојна документација за исплата на медумска кампања од страна на секторите за маркетинг и комуникации, и за финансиски прашања.

**Биланс на состојба**

4.3.3 Во деловните книги и ФИ со 31.12.2012 година, не е евидентиран деловен простор, со површина од 420,64 м кв, кој што е даден на користење на АСИПИРМ со Одлука за престанок за користење и давање на користење на недвижна ствар од Министерство за правда, донесена од Владата на РМ, во ноември 2005 година што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и влијае на реалното и објективно прикажување на вредноста на материјалните средства во деловните книги и финансиските извештаи.

Согласно член 15 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, АСИПИРМ како орган на државната управа, потребно е да обезбеди чување и заштита на стварите, нивно економично и соодветно користење, и истите да ги осигура во согласност со прописите за осигурување, што не е направено, освен осигурувањето на службените возила. Неосигурувањето на стварите во државна сопственост може да има за последица, во случај на евентуална несреќа, оптеретување на Буџетот со дополнителни трошоци и неможност за надомест на штета.

**Препорака:**

Одговорните лица во АСИПИРМ да преземат активности за воведување на деловниот простор во деловните книги и да вршат осигурување на целокупниот имот со кој располага агенцијата.

4.3.4 Во деловните книги и ФИ со 31.12.2012 година искажана е вредност на побарувањата од вработените во износ од 7.964 илјади денари, за чија потврда ревизијата не доби соодветни и компетентни докази, поради следното:

- Не е извршен попис на побарувањата од вработените со 31.12.2012 година на начин и постапка пропишани со член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
- Побарувањата од економските промотери во износ од 7.892 илјади денари произлегуваат од исплатени аванси на име на оперативни трошоци во странство, кои не се оправдани до крајот на годината поради некомплетна документација или непризнаени сметки за различни видови на трошоци над дозволените лимити, подигнати од Виза Бизнис картичките. Ваквиот начин на работење не е во согласност со донесените решенија за одобрување на средства по двата основа, според кои авансот може да се користи до 25.12.2012 година, со тоа што до тој датум промотерот има обврска да ги врати непотрошените средства во Буџетот на РМ. Доколку се утврдат неправилности во работењето односно користењето на средствата од оперативните трошоци промотерот е должен неоправдано потрошените средства да ги врати во Буџетот на РМ, согласно упатствата на Секторот за финансиски прашања на АСИПИРМ.
- За закуп на стан, до јули 2012 година, согласно Уредбата, е дозволена исплата на депозит, доколку одредени закуподавачи тоа го бараат, еднократно во текот на целиот мандат. Согласно член 3 од Решението за одобрување на закуп на стан, промотерот е должен да го врати на Агенцијата дадениот депозит, (доколку истиот не се искористи за намирување на последните закупнини), по престанок на важењето на договорот. При исплатата на депозитот се евидентира само раздолжувањето на промотерот односно му се признава како трошок, меѓутоа не се води посебна евиденција и евидентирање на исплатениот депозит на закуподавачот преку промотерот на посебна аналитика во рамките на побарувањата од вработените. Со ваквиот начин на работење во Агенцијата нема евиденција на сите дадени депозити по склучени договори поради што постои ризик од ненавремено или воопшто невраќање на дадениот депозит, по истекот на договорот, кои што средства, доколку не е задржан заради несовесно користење на станот, се враќа во готово или на лична сметка на промотерот. Ваквото работење не е во согласност со член 37-в став 2 од Законот за буџетите и член 2 од Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2012 година.

Неизвршениот попис, како и утврдените констатации при исплатата и раздолжувањето на промотерите со средствата добиени по основ на одобрените аванси за оперативно работење и депозити, влијаат на реалноста и објективноста на побарувањата од вработените со 31.12.2012 година што не е во согласност со член 19 и 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на работење создава можност од користење на средства спротивно на

законските прописи. Од друга страна, поради нивниот ангажман на определено време постои ризик од неможност за наплата на претходно одобрени, а неоправдани средства.

**Препораки:**

- Директорот на АСИПИРМ да преземе мерки и активности за квалитетно организирање и извршување на пописот на побарувањата, согласно законските прописи.
- Во секторот за финансиски прашања, по проверката и признавањето /непризнавањето на сметките во месечните финансиски извештаи од промотерите, да се врши редовна анализа во текот на годината, заради навремено задолжување на промотерите за непотрошените средства кои има обврска да ги врати во Буџетот на РМ, до 25.12. на крајот на секоја година.
- Во секторите за правни работи и финансиски прашања, да се проверат сите решенија и склучени договори по кои била одобрена исплата на депозит во изминатиот период, за да може да се евидентираат во сметководствената евиденција, како и да се изврши анализа и задолжување за сите вратени депозити кај промоторите, кои се останати на нивна приватна сметка или во готово, со нивно задолжување за враќање на средствата во Буџетот на РМ.

4.3.5 Во деловните книги и ФИ со 31.12.2012 година искажана е вредност на активни временски разграничувања во износ од 15.848 илјади денари, за чија потврда ревизијата не доби соодветни и компетентни докази, поради следното:

- Не е извршен попис на краткорочните обврски спрема добавувачите и краткорочните финансиски обврски со 31.12.2012 година, на начин и постапка пропишани со член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, врз основа на кои се потврдува и искажаната состојба на АВР во деловните книги и ФИ.
- Не се евидентирани обврски према добавувачите во земјата на износ од 31.861 илјади денари, по основ на обврски за исплата на државна помош.
- Не се евидентирани обврски према добавувачи во странство во износ од 1.270 илјади денари (20.653 евра), по основ на обврски по договор за рекламна кампања.
- Не е извршено усогласување на обврските за потрошена електрична енергија искажани во деловните книги на АСИПИРМ на износ од 140 илјади денари во однос на побарувањата по овој основ што ги има фирмата според состојбата по конфирмација од 592 илјади денари.

Неизвршениот попис, како и утврдените констатации за неевидентирани обврски и неусогласеност со добавувачите, влијаат на реалноста и објективноста на АВР и искажаните обврски со 31.12.2012 година што не е во согласност со член 19 и 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на работење има за ефект несоодветно планирање и пријавување на обврските во МФ - Сектор за трезор, и можност од плаќање на договорни казни.

**Препораки:**

- Директорот на АСИПИРМ да преземе мерки и активности за квалитетно организирање и извршување на пописот на обврските, согласно законските прописи.
- Во секторот за финансиски прашања, навремено и ажурно да се евидентираат обврските настанати по разни основи, заради правилно искажување на состојбите во деловните книги и ФИ, како и соодветно планирање и пријавување во МФ – Сектор за трезор.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

4.4.1 Економските промотери во текот на нивното ангажирање во странство, добиваат месечен додаток на плата по основ на обем и сложеност на работа, во висина од 3% од основната плата, врз основа на донесено решение од директорот, за утврдување на плата и додатоци на плата, за секој промотер поединечно.

Согласно член 17 став 1 од Уредбата, донесена врз основа на ЗНР, ваков додаток му се исплатува на вработен во претставништвото кој, покрај редовните активности за кои е упатен на работа во претставништвото, со решение е поставен за сметкополагач. Во случајот со Агенцијата, за основот за исплата на ваков додаток, директорот нема донесено посебно решение за сметкополагач, ниту пак може да донесе бидејќи истото не е предвидено во Правилник, донесен од УО. Во 2012 година по основ на додатокот за 3% од основната плата на промотерот за сметкополагач се потрошени средства околу 1.060 илјади денари.

Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од член 76 став 3 од ЗНР, член 37-в став 3 од Законот за буџетите и член 2 од Законот за извршување на Буџетот за 2012 година, и има за ефект исплата на средства спротивно на законските прописи.

**Препорака**

Во наредниот период во АСИПИРМ да не се врши исплата на додаток за сметкополагач на економските промотери поради непостоење на законски основ, односно потребно е решенијата донесени од директорот да бидат укинати.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените наоди во точките 4.2. и 4.3 погоре, кои се однесуваат на утврдени состојби за неизвршен попис на побарувањата и обврските, а особено на побарувањата од вработените кои произлегуваат од исплатени аванси, кои не се оправдани до крајот на годината поради некомплетна документација или непризнаени сметки; кај државната помош, не се води целосна евиденција со податоци за видот и висината на доделена државна помош по поединечни приматели – корисници на ТИРЗ; документацијата, која е доставувана како доказ за исполнување на условите за исплата за различни видови на помош, во најголем дел не е соодветна и доволна од аспект на уредни, веродостојни и комплетни сметководствени документи; кај маркетинг кампањата, нема соодветен доказ за потврда на вредноста на договорите/медиа плановите, не се донесени процедури за следење на договорните обврски, како и за чување и архивирање на материјалите, а за исплатените средства по овој основ, во најголем дел нема уредна и веродостојна документација; кај дел од промотерите, не се почитуваат пропишаните процедури и постапки во интерните акти, а при признавањето на одделни видови на трошоци не се обезбедува уредна и веродостојна сметководствена документација, ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2012 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.3. од овој извештај, ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на АСИПИРМ - сметка на основен буџет - 637, на ден 31 декември 2012 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3. и 4.4 од овој извештај, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на АСИПИРМ – сметка на основен буџет - 637, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. Во договорите за доделување на државна помош, во случај на неисполнување на инвестициските обврски, во вредност и рок, определени со договорот, предвидено е враќање на евентуално исплатени средства по основ на учество во изградба на објект, заедно со камата, плаќање на договорна казна, во различни износи, како и целосен надомест на загуба и штета предизвикана поради неисполнети инвестициски обврски од договорната страна.

Во јули 2010 година, согласно законските прописи, преземени се активности од страна на ДТИРЗ за раскинување на договорот за долгорочен закуп на градежно земјиште, а со тоа и на договорот за доделување на државна помош, во 2009 година кај еден инвеститор - корисник на ТИРЗ. Имено, закупецот на земјиштето не започнал со градба на градежен објект во рок од 9 месеци од денот на склучувањето на договорот за закуп, поради што согласно член 8 став 7 од ЗТИРЗ, истиот еднострано се раскинува. ДТИРЗ започнала постапка, по чие окончување фирмата го губи статусот на корисник на ТИРЗ Скопје 1, а со тоа автоматски го губи правото на државна помош.

Од страна на АСИПИРМ, испратено е известување до инвеститорот, што претставува изјава за раскинување на договорот за доделување на државна помош согласно одредбите од ЗТИРЗ и ЗОО, поради неисполнување на обврските и непочитување на роковите предвидени со член 3 став 4 од договорот, како и поради непотпишување на анексите на договорот со кои се предвидува пролонгирање на роковите. Со раскинувањето на договорот, согласно законските одредби, истиот од овој момент не произведува никаква правна важност, а се задржува правото за покренување на тужба за надомест на загуба и штета и за наплаќање на договорна казна согласно од договорот. Ревизијата препорачува АСИПИРМ со надлежните органи во наредниот период да преземат активности за поведување постапка за наплата на договорна казна и надомест на загуба и штета.

АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ

Сметка на основен буџет - 637

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 325,669 | 218,767 |
| **Вкупно приходи** | | **325,669** | **218,767** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 56,338 | 48,241 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 155,921 | 83,715 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 112,920 | 86,645 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **325,179** | **218,601** |
| **Капитални расходи** | 3.3. | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 490 | 166 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **490** | **166** |
| **Вкупно расходи** | | **325,669** | **218,767** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |

АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ

Сметка на основен буџет - 637

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 7,964 | 2,947 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 20,729 | 11,931 |
| **Вкупно тековни средства** | | **28,693** | **14,878** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 4,003 | 4,664 |
| **Вкупно постојани средства** | | **4,003** | **4,664** |
| **Вкупна актива** | | **32,696** | **19,542** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 15,776 | 7,451 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 72 | 412 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 1 | 7 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 4,880 | 4,061 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 7,964 | 2,947 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **28,693** | **14,878** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 4,003 | 4,664 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **4,003** | **4,664** |
| **Вкупна пасива** | | **32,696** | **19,542** |

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2012 година** | **4,664** | - | **4,664** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **1,101** | - | **1,101** |
| Набавки | 628 | | **628** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 473 | | **473** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **1,762** | - | **1,762** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 296 | | **296** |
| Амортизација | 1,466 | | **1,466** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **4,003** | - | **4,003** |

Република Македонија
Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот

рег. бр.: 03 - 419/4
датум: 16.10.2013

Invest MACEDONIA

Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија

Никола Вапцаров 7,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел: + 389 2 3100 111
Факс: + 389 2 3122 098
Е-пошта: fdi@investinmacedonia.com
Сајт: www.investinmacedonia.com

До: **Државен завод за ревизија**

Врска: **Ваш бр.17-211/4 од 11.09.2013 година**

Предмет: **Забелешки по Нацрт извештај**

Дата: **16.10.2013 година**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 16.10.2013
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
17-211/5

Почитувани,

По разгледување на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот (“Агенцијата”) за 2012 година, доставен со Допис бр.17-211/4 од 11.09.2013 година додека примен во Агенцијата на ден 17.09.2013 година, Агенцијата утврди потреба да даде забелешки по неколку наоди од истиот.

Имено, во однос на:

**I. Точка 3 – Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките**

Во оваа точка Овластениот државен ревизор констатира дека со Прегледот бр. 25-64/2 од 09.02.2011 година за статусот на препораките презентирани во Конечниот извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година, констатирано е дека 3 препораки се спроведени, 2 препораки се делумно спроведени и 2 препораки не се спроведени, и тоа:

***Препорака по наодот 10.2.1*** за која е констатирано дека е делумно спроведена.

**Образложение:**

Агенцијата укажува дека во месец септември 2011 година се донесени нови акти за систематизација и внатрешна организација на работата на Агенцијата, согласно Законот за државни службеници, формирано е независно Одделение за внатрешна ревизија и со постапка за превземање - Спогодба за

вработување без јавен оглас бр.04-1634/1 од 20.07.2012 година вработен е Раководител на Одделение за внатрешна ревизија.

**Со тоа сметаме дека статусот на препораката треба да се преиначи од делумно спроведена во спроведена.**

ДОКАЗ:

- **Спогодба за вработување без јавен оглас бр.04-1634/1 од 20.07.2012 година.**

***Препорака по наодот 10.1.1*** за која е констатирано дека е делумно спроведена.

**Образложение:**

Комплетен состав на УО на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ е именуван од страна на Владата на РМ со Решение бр. 23-500/1 од 23.01.2012 година и Решение бр. 23-500/2 од 21.02.2012 година и оттогаш истиот функционира во полн состав.

ДОКАЗ:

- **Решение за именување на членови на Управен одбор на АСИПИРМ бр. 23-500/1 од 23.01.2012 година**
- **Решение за именување на член на Управен одбор на АСИПИРМ бр. 23-500/2 од 21.02.2012 година.**

***Препорака по наодот 10.4.1*** за која е констатирано дека не е спроведена.

**Образложение:**

Агенцијата укажува дека истата е само една од институциите од процесот на доделување на државна помош во ТИРЗ, која освен грантови содржи и низа други олеснувања и ослободувања на инвеститорите во ТИРЗ, вклучувајќи даночни, царински ослободувања, закуп на земјишта и др., регулирани со Законот за ТИРЗ, при што вклучени се многу институции надлежни за дел од овој процес на државна помош, чиј давател е Владата на РМ, а Агенцијата во име на давателот ги склучува овие договори и врши исплата на дел од државната помош при што со донесеното Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош (во прилог), Агенцијата врши регулирање на оваа обврска меѓутоа само во делот на сопствените законски надлежности и обврски. Препораката е во насока на доградување на системот на планирање и доделување на државна помош, што не е во согласност со институционалната

одделенија во Секторот за финансиски прашања каде што има постојна кадровска екипираност.

ДОКАЗ:

**- Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош бр. 02-2600/1 од 30.09.2013 година.**

**- Процедура за управување со финансиски документи бр.05-167/1 од 17.01.2013 година**

**- Процедура за следење на реализација на договорите за јавни набавки бр.02-2806/1 од 15.10.2013 година**

- **Упатство за процедури за сметководство бр. 02-2805/1 од 15.10.2013 година и**
- **Упатство со препораки за воспоставување на контроли и процедури во рамки на Секторот за финансиски прашања бр. 02-2804/1 од 15.10.2013 година**

Констатација во **став 5 алинеја 5 од резимето**

**Образложение:**

- Маркетинг кампањата Invest Macedonia се подготвува во неколку фази,почнувајќи од поставување на целната група до која сака да се пренесе пораката од рекламата, анализа и предлог на медиуми со кои би се постигнала поставената цел, внесување на маркетинг планот во Програмата за работа на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ која треба да се одобри од Управниот одбор на Агенцијата, за понатаму да се добие согласност на истата од страна на Владата на РМ.

- Во рамки на буџетот за секоја следна година кој се определува за маркетинг кампањата Invest Macedonia, по сите горенаведени постапки се пристапува кон склучување на договори со медиуми за кои претходно Агенцијата добила согласност и со кои ја завршила постапката на преговори. Потоа се подготвува извештај за реализација на кампањата и исполнување на обврските на двете страни.

- Посебна потврда за вредноста на договорите е самата вредност која е содржана во договорите во кои јасно е дефинирано што е вклучено во цената, динамиката на реализацијата на кампањата, динамиката на плаќањето на фактурите. Како потврда на претходно споменатото Агенцијата Ви ги доставува понудите за рекламирање од

медиумите заедно со медиа плановите од секој медиум посебно и доказ за релаизација на кампањата од секој медиум посебно.

- За исплатените средства по овој основ Агенцијата располага со уредна документација која Ви ја доставува во прилог.

ДОКАЗ:

- **Понуди, договори со медиуми, медиа планови за кампањата Invest Macedonia 2012 година**
- **Одлука од Управен одбор на АСИПИРМ за кампања за Invest Macedonia за 2012 година бр. 02-1796/6 од 29.09.2011 година**
- **Информација за тековната состојба на АСИПИРМ бр. 03-2127/1 од 25.11.2011 година**

**Констатација во став 7 од резимето**

Образложение:

Во рамки на нашиот одговор на Нацрт извештајот, Ве известуваме дека Агенцијата донесе Упатство за утврдување/попис на работните процедури во Секторот за маркетинг и комуникации во кое децидно се наведени следењата и реализација на целокупната постапка пред започнување, во текот и по завршување на маркетинг кампањата.

ДОКАЗ:

- **Упатство за утврдување/попис на работните процедури во Секторот за маркетинг и комуникации бр.02-2597/1 од 30.09.2013 година.**

<u>III Точка 4 – **Наоди и препораки од извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година**</u>

**4.1 Интерни контроли, наод** 4.1.1 од Нацрт извештајот со кој се врши оценка на системот на интерни контроли, Овластениот државен ревизор дава 4 препораки и тоа:

Во однос на **првата препорака,** Агенцијата го дава следното **образложение:**

Агенцијата подготви нов Правилник за внатрешна организација бр. 01-2588/1 од 27.09.2013 година и нов Правилник за систематизација на работните задачи на Агенцијата бр.01-

2589/1 од 27.09.2013 година, на кои Агенцијата за администрација даде Писмена согласност бр.07-2873/2 и бр. 07-2872/2 од 01.10.2013 година, а УО ги усвои со Одлуки бр.02-268/3 и бр.02-2683/4 од 03.10.2013 година. Во прилог Ви ги доставуваме правилниците, со цел Ваш увид за постапување по препораката.

Меѓу другото, формиран е посебен Сектор за државна помош и извршување на договорите, со Одделение за спроведување на постапка за доделување на државна помош и Одделение за контрола на исполнување на договорите за државна помош. Со влегување во сила на правилниците, раководното лице на Агенцијата ќе започне постапка за добивање на согласност од Министерството за финансии за нови работни места за екипирање на секторот. Во меѓувреме согласно став 9 на Упатството, АСИПИРМ ќе може да ангажира надворешно правно лице со цел давање консултанстски услуги и асистенција во однос на сите аспекти на контролата, оценувањето и следењето на државната помош и на овој начин ќе се овозможи на краток рок да се надмине претходно наведената забелешка.

Со започнување на работа на Секторот за државна помош и извршување на договорите, раководното лице на Агенцијата со решение ќе ја укине Комисијата за составување и следење на договорите за државна помош во ТИРЗ.

ДОКАЗ:

- **Правилник за внатрешна организација бр. 01-2588/1 од 27.09.2013 година**
- **Правилник за систематизација на работните задачи на Агенцијата бр. 01-2589/1 од 27.09.2013 година**
- **Писмена согласност бр.07-2873/2 и бр. 07-2872/2 од 01.10.2013 година и**
- **Одлуки од УО бр.02-268/3 и бр.02-2683/4 од 03.10.2013 година.**

Во однос на **втората и четвртата препорака,** Агенцијата го дава следното **образложение:**

Агенцијата подготви пишани процедури на сите нивоа на работење, за сите сектори во Агенцијата. Истите ги доставува во прилог на овој допис. Агенцијата во насока на воспоставување на целосна внатрешна сметководствена контрола има донесено процедура за Управување со финансиски документи, процедура за следење на договорите за јавни набавки како и изработено интерно упатство за

сметководство и упатство со препораки за воспоставување на контроли и процедури во рамки на секторот за финансиски прашања како би се воспоставило разграничување на должностите за одобрување и извршување сметководство и контрола по целосно екипирање на секторот. Воедно, во Агенцијата договореното во договорите за јавни набавки од аспект на количина и вкупна и поединечна вредност на стоките и услугите кои се набавени е воспоставен систем на следење и за тоа е задолжено лице во рамки на секторот за финанскиси прашања со што секоја фактура која е произлезена од договор за јавна набавка се проверува количински и вредносно и следствено на тоа нема отстапување од вкупната вредност на договорите како и на цените на поединечните ставки. Тоа што секторот за финанскиси прашања ќе го воспостави е систем на требување каде што секој од останатите сектори во Агенцијата кои би имале потреба од определена стока или услуга предмет на договор за јавна набавка ќе доставуваат барање за требување до одговорното лице во секторот за финансиски прашања. Треба да се има предвид дека во одделението за јавни набавки не е врабтено ниту едно лице односно истото не е екипирано.

ДОКАЗ:

- **Упатство за утврдување/попис на работните процедури на Секторот за маркетинг и комуникации бр.02-2597/1 од 30.09.2013 година,**
- **Упатство за контрола, оценување и следење на државна помош бр. 02-2600/1 од 30.09.2013 година,**
- **Процедура за утврдување на работни процеси на Секторот за правни, општи и информатички работи бр.02-2598/1 од 30.09.2013 година**
- **Упатство за работа на Секторот за поддршка и унапредување на извозни активности бр.02-2596/1 од 30.09.2013 година**
- **Упатство за работењето на Секторот за услуги на инвеститори бр.02-2601/1 од 30.09.2013 година**
- **Процедура за поддршка на работењето на инвеститорите и примена на унапредување на законите и прописите за инвестиционите вложувања бр. 02-2599/1 од 30.09.2013 година.**

Во однос на **третата препорака**, Агенцијата го дава следното **образложение:**

Агенцијата, која во име на Владата на РМ - како давател на државна помош, ги склучува договорите и дава дел од државната помош, е само еден од органите кои управуваат и раководат со процесот на доделување на државната помош. Државната помош ја доделува Владата на РМ и дава согласност на секој договор пред негово склучување, согласно Законот за ТИРЗ. Агенцијата донесе Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош со кој се воспоставува сеопфатен систем на интерни контроли, процедури и постапки каде што се дефинира целиот процес поврзан со системот на државна помош (Упатство во прилог) при што се имплементира систем на check and balance помеѓу различните сектори и органите на управување на АСИПИРМ. Упатството го надминува и проблемот со кадровска екипираност бидејќи со истото се предвидува можност за ангажирање на надворешно правно лице кое може да дава асистенција и консултантски услуги за сите аспекти на контролата, оценувањето и следењето на системот на државната помош.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

**Наод 4.2.1. од Нацрт извештајот – констатација во алинеја 1**
**Образложение:**

Агенцијата укажува дека оваа надлежност не е вклучена во Статутот, од причина што со Одлука на Уставниот суд У.бр. 191/2010 од 02.03.2011 година ("Службен весник на РМ" бр. 35/2011) се укинува член 13 став 1 алинеја 3 од Законот за основање на АСИПИРМ. Со сега веќе укинатата алинеја 3 беше предвидено дека со Статутот на Агенцијата особено се регулираат правата, надлежностите и одговорностите на вработените. Согласно Одлуката на Уставниот суд, правата, надлежностите и одговорностите на вработените може да се регулираат само со закон или колективен договор. Од таа причина во Статутот не е вклучена надлежноста на УО да одлучува по приговори на вработените во Агенцијата. Дополнително, укажуваме дека вработените во Агенцијата со статус на државни службеници правото на приговор или жалба во врска со работниот однос го остваруваат согласно Законот за државни службеници. Согласно член 7 став 3 алинеја 3 од важечкиот Закон за државни службеници - "Агенцијата за администрација одлучува по жалби и приговори на државните службеници, како второстепен орган" (за секоја работа поврзана со нивниот работен однос било да се работи за

вработување, суспензија, откажување договор за вработување, дисциплинска и материјална одговорност, оценување итн. одлучува Агенцијата за администрација во втор степен, секретарот што управува со органот/раководителот на институцијата одлучува во прв степен, тоа значи директорот на АСИПИРМ во прв степен одлучува бидејќи во АСИПИРМ не се именува секретар).

За останатите вработени во Агенцијата кои не се државни службеници, се применува Законот за работни односи, а за економските промотери и Законот за надворешни работи.

Во член 9 став 1 точка 9 од Законот за основање на АСИПИРМ (57/10 и 36/11) стои дека "*Управниот одбор одлучува по приговори од работниот однос на вработените во АСИПИРМ*", но ова е одредба која беше содржана во Законот за основање на АСИПИРМ пред да се донесе дополнувањето на законот во март 2011 со што се дерогира (анулира) оваа одредба и јасно се прецизира со кои законски акти се регулираат понатаму правата, должностите и одговорностите на сите вработени лица во АСИПИРМ *(државни службеници, промотери, помошен и технички персонал)*. Дополнително, не може со подзаконски акт (Статут) да се регулираат права, должности и одговорности на вработените.

Од таа причина сметаме дека оваа констатација на Овластениот ревизор треба да се избрише, бидејќи станува збор за направен превид во моментот на подготовката на Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на АСИПИРМ ("Службен весник на РМ" бр. 36/2011), при што не е избришана надлежноста на УО регулирана во член 9 став 1 точка 9 од Законот, бидејќи истата е во колизија со Законот за државни службеници и Законот за работни односи.

Во однос на **препораката за наодот 4.2.1**, **Ве известуваме** дека УО на Агенцијата донесе **Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата бр.02-2683/6 од 03.10.2013 година** во делот на констатираните различности на работите кои ги врши директорот на Агенцијата регулирани во Законот за основање на АСИПИРМ и оние во Статутот.

ДОКАЗ:

- **Одлука У.бр. 191/2010 од 02.03.2011 година на Уставен суд ("Службен весник на РМ" бр.35/11)**

- **Одлука бр.02-2683/6 од 03.10.2013 година за измена и дополнување на Статутот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ.**

**Констатација по наод 4.2.2**
**Образложение:**
Агенцијата ги дава следните забелешки по овој наод:

- Со Одлуката бр. 02-1796/7 од 29.09.2011 година донесена од УО, се укинаа повеќето внатрешни акти за вработените бидејќи истите се стекнаа со статус на државни службеници и во однос на нивните права, обврски, одговорности и сл., се применува Законот за државни службеници.
- Со Одлуката внатрешните акти се укинати во однос на делот на внатрешно вработените лица, а истите остануваат во сила за економските промотери.
- Со новиот Правилник за работа на економските промотери во странство и за утврдување на плати, додатоци на плати и надоместоци по утврдени трошоци за економските промотери во АСИПИРМ бр. 01-634/1 од 27.02.2013 година, се регулирани најосновните права и обврски за работа на и со економските промотери.
- И прокрај тоа што не е запазен рокот од 3 месеци за донесување на нови акти за промотерите, согласно член 2 од Одлуката, внатрешните акти утврдени во член 1 на оваа Одлука остануваат да важат и ќе се применуваат само во однос на економските промотери кои не се државни службеници, до денот на донесување на нови внатрешни акти за економските промотери, што значи дека сепак постои пишана процедура за оценување, дисциплинска и материјална одговорност и надомест на штета, во работата на промотерите. Аналогно на наведеното, и во случај кога Владата на РМ не именувала нов состав на УО на Агенцијата согласно преодните и завршни одредби на Законот за основање на АСИПИРМ, членовите на УО од претходниот состав продолжуваат да ја вршат оваа функција до денот на именување на нов состав.

Во однос на **препораката по наодот 4.2.2** Агенцијата ги изготви сите наведени акти, и ги доставува во прилог на овој допис, заради Ваш увид.
ДОКАЗ:

- Правилник за работа на економските промотери во странство и за утврдување на плати, додатоци на плати и надоместоци по утврдени трошоци за економските промотери во АСИПИРМ бр. 01-634/1 од 27.02.2013 година
- Правилник за утврдување на начинот и постапката за оценување на економските промотери бр.01-2604/1 од 30.09.2013 година
- Правилник за дисциплинска одговорност на економските промотери во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ бр. 01-2602/1 од 30.09.2013 година
- Кодекс за професионален изглед на економските промотери бр. 02-2603/1 од 30.09.2013 година
- Упатство за работа на економски промотери бр.02-2813/1 од 16.10.2013 година.

Констатација по наод 4.2.3

Образложение:

Агенцијата би сакала да укаже дека и покрај тоа што одлуките за исплата за наведените области не ги носи УО, истите не се вршат без негово одобрување или знаење. Имено, во Годишната програма за работа на Агенцијата која се носи до 30 ноември во тековната година за секоја следна година, во образложението на финансискиот план на Агенцијата за секоја година такстативно се образложени ставките за исплата на државна помош за секој инвеститор одделно и основите за исплатата. Со секој Полугодишен и Годишен извештај за работа на Агенцијата кој се носи до 28 февруари во тековната за изминатата година, детално се наведени исплатите извршени по основ на доделена државна помош, за секој инвеститор посебно по посебен основ на исплата. УО на Агенцијата ги усвојува и Годишната програма, Годишниот извештај и Полугодишниот извештај на Агенцијата за секоја година, како и за 2012 година –која е предмет на извршена ревизија, со што истиот како орган на управување дава согласност на планираните активности и планираните средства, односно ја одобрува намената на средствата. Во случај на потреба од пренамена на средства за исплата на државна помош, УО мора да донесе одлука за истото, па потоа Директорот на Агенцијата може да бара одобрување на пренамена од Министерството за финансии, дозволено во законски рамки. Во тој контекст сметаме дека УО е запознат со намената на средствата и во

периодот на нивно планирање и со нивната исплата. Воедно, со донесеното Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош во став 8 се предвидува исплатата на државната помош да оди со одлука на Управниот одбор на Агенцијата, а истото е предвидено како надлежност на УО со новодонесената Одлука бр.02-2683/6 од 03.10.2013 година за измена и дополнување на Статутот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ.

**Во однос на првата и втората препорака по наодот 4.2.4, Агенцијата го дава следното образложение:**
Оваа ситуација е надмината со донесеното Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош (во прилог) со кое се предвидуваат детални процедури за следење и евиденција на државната помош, додека со Решението бр. 02-2583/1 од 25.09.2013 година на Директорот на АСИПИРМ (во прилог) е доделена задача на Секторот за поддршка на работењето на инвеститорите и примена и унапредување на законите и прописите за инвестиционите вложувања да изврши проверка на доделената државна помош од сите овластени даватели во ТИРЗ-овите за периодот 2007 – 2012. Во прилог на овој Допис го имате барањата, изработени од страна на Секторот за поддршка на работењето на инвеститорите и примена и унапредување на законите и прописите за инвестиционите вложувања со кои се контактираат Управата за јавни приходи и Царинската управа во однос на обезбедување информации во врска со доделената државна помош од нивна страна за периодот 2007 – 2012.
ДОКАЗ:

- **Решение за задолжување на Секторот за поддршка на работењето на инвеститорите и примена и унапредување на законите и прописите за инвестиционите вложувања бр. 02-2583/1 од 25.09.2013 година,**
- **Барање до ДПТУ Џонсон Мети ДООЕЛ Скопје бр. 03-2626/1 од 30.09.2013 година,**
- **Барање до ДПТУ Џонсон Контролс Македонија ДООЕЛ Скопје бр. 03-2623/1 од 30.09.2013 година,**
- **Барање до Управа за јавни приходи на РМ бр. 03-2625/2 од 30.09.2013 година,**
- **Барање до Царинска Управа на РМ бр. 03-2625/1 од 30.09.2013 година,**

- **Барање до Царинска Управа на РМ бр. 03-2624/1 од 30.09.2013 година,**
- **Барање до ДТИРЗ бр. 03-2688/1 од 04.10.2013 година**
- **Барање до СМР Аутомотивс ситемс Македонија ДООЕЛ Скопје бр. 03-2690/1 од 04.10.2013 година**
- **Барање до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 03-2689/1 од 04.10.2013 година.**

**Во однос на наодот 4.2.7 – констатација во алинеја 2 Образложение:**

Агенцијата во услови кога со повисок подзаконски акт не е пропишан износот на закупнината за градовите каде се упатени определени економски промотери, а истовремено е нужно упатена да ги пошитува одредбите од тие подзаконкси акти кои ги пропишуваат износите на закупнина не може да ја прифати ваквата констатација на државниот ревизор и воедно истата е изненадувачка. Во услови кога Агенцијата утврдила пишано и транспарентно правило за утврдување на закупнина за градови кога висината на закупнината за истите не е пропишана од надлежното министерство поради немање на ДКП во соодветната земја, со што се елиминира можноста за паушално и волунтаристичко утврдување на висината на закупнина, неприфатливо е прифаќање на решение кое во својата суштина подразбира и вклучува паушално и неконзистетно земање на параметри од разни извори кои се непроверени и неофицијални од случај до случај за да се утврди висина на закупнина за одредено место. Прифатеното решение од страна на Агенцијата кое е воведено во соодветниот правилник се темели на 100% постојаност во утврдувањето на висината на закупнината бидејќи во основа претставува математичка формула која ги црпи параметрите, односно податоците за пресметка од официјалната страна на ОН кои ОН ги прменуваат за своите дипломати во однос на утврдување на висината на закупнина која им се прознава. Во таквата методологија на ОН, Њу Јорк е утврден со индекс 100, што автоматски подразбира дека тоа се пренесува во правилото на Агенцијата, а не дека Њу Јорк од страна на Агенцијата е избран произволно. Воедно, висината на закупнината за Њу Јорк е утврдена од МНР, а не од Агенцијата.

**Во однос на наодот 4.2.7 – констатација во алинеја 3 Образложение:**Во периодот од октомври 2012 година барем во однос на утврдување и признавање на трошоците за јавен превоз и трошоците за превоз за службени патувања Агенцијата ги има применувано единствено одредбите од правилникот за работа на економските промотери со оглед на тоа дека од неговото стапување на сила во октомври 2012 година Упатството за работа на економските промотери 02-1642/1 од 17.08.2010 година престанува да важи.

**Во однос на наодот 4.2.7 – констатација во алинеја 6 Образложение:**
Согласно важечкиот Правилникот за систематизација на работни места во АСИПИРМ за периодот за кој е извршена оваа ревизија, за Координатор на работењето на економските промотери одговорен е Раководителот на Секторот за маркетинг и комуникации. Од причина што ова лице во периодот 15.02.2012 година заминало во Италија како економски промотор, Директорот на Агенцијата со посебно решение го назначил Раководителот на Секторот за услуги на инвеститори да ги врши активностите на Координаторот, се до назначување на нов Раководител на Секторот за маркетинг и комуникации. Од причина што на Раководителот на Секторот за услуги на инвеститори му е утврдено правото на неплатено отсуство од 15.07.2012 година, а заради неможност за пополнување на неговото место, координативните активности на економските промотори ги врши Секторот за услуги на инвеститори, а во соработка со останатите сектори во Агенцијата.
ДОКАЗ:

- **Решение за упатување на економскиот промотер Иван ИЛИЕВ на работа во Милано, Италија бр. 02-443/1 од 13.02.2012 година**
- **Решение за неплатено отсуство бр. 04-1317/2 од 15.06.2012 година.**

**4.3 Финансиски извештаи**

**Во однос на наодот 4.3.1 – констатации во алинеја 1 и 2** Образложение:
Со донесеното Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош (во прилог) се надминува оваа забелешка на начин што се предвидува Организационата единица задолжена

за државна помош и контрола за извршување на договорите, односно Секторот за поддршка на работењето на инвеститорите и примена и унапредување на законите и прописите за инвестиционите вложувања во отсуство на екипираност и функционалност на Организационата единица задолжена за државна помош и контрола за извршување на договорите да врши првостепена проверка на Барањата за исплата на државна помош и поднесената документација во прилог на Барањата, која потоа се праќа до Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за финансиски прашања кои се задолжени да утврдат дали поднесената документација е уредна и комплетна од сметководствен аспект по што Барањата за исплата на државна помош и поднесената документација во прилог на Барањата се испраќа до Управниот одбор кој носи Одлука за прифаќање на Барањата за исплата на државна помош. Директорот на АСИПИРМ ја извршува и спроведува Одлуката за прифаќање на Барањата за исплата на државна помош. Со Уредбата се предвидува и начин по кој што се разгледуваат барањата.

**Во однос на наодот 4.3.1– констатација во алинеја 3**
**Образложение:**
АСИПИРМ во текот на 2012 година изврши исплата на државна помош во шест наврати согласно одредбите на Договорите за доделување државна помош склучени од страна на Владата на Р. Македонија претставувана и застапувана од АСИПИРМ со корисници на ТИРЗ-овите. Следните видови на државна помош беа исплатени во 2012 година:

- Државна помош за новокреирани вработувања на корисник на ТИРЗ
- Државна помош за одобрени трошоци за обука и усовршување на вработените ангажирани во инвестицискиот проект на корисник на ТИРЗ
- Државна помош во вид на учество во трошоците за изградба на зградите и објектите од инвестицискиот проект на корисник на ТИРЗ
- Државна помош во вид на компензација на определен процент од бруто-платите на вработените во корисник на ТИРЗ

Државната помош за новокреирани вработувања на корисник на ТИРЗ беше исплатена врз основа на поднесена документација официјално издадена од страна на Агенцијата

за вработување на Република Македонија во која за секое новокреирано работно место таксативно се наведува името и презимето на работникот, неговиот ЕМБГ, датумот на засновање на вработувањето, податок дека работниот однос сеуште не е престанат, видот на вработувањето, начинот на вработувањето и занимањето на вработениот при што податоците наведени во документацијата се споредуваат со наведеното во Барањето за исплата за државна помош и одредбата на Договорот врз основа на која се бара исплата на државната помош.

Државна помош за одобрени трошоци за обука и усовршување на вработените ангажирани во инвестицискиот проект на корисник на ТИРЗ беше исплатена врз основа на фактури и другите видови документација која официјално се користи од страна на Барателот и поврзаните лица на Барателот и тоа за само за трошоците кои се претставуваат оправдани трошоци за обука и усовршување согласно релевантните законски и подзаконски акти од областа на државната помош кои опфаќаат: трошоци за предавачот кој ја врши обуката и усовршувањето, патни трошоци на предавачот и лицата кои се вклучени во усовршувањето, други тековни трошоци поврзани со обуката и усовршувањето, трошоци поврзани со амортизирањето на машините и опремата во согласност со опсегот на нивната употреба со цел за професионално усовршување, трошоци за консултации во врска со проектот за усовршување, како и трошоците за учесниците во проектот за професионално усовршување, до износ на сите оправдани трошоци наведени тука. Исто така, Барателот имаше доставено и Програма за општо усовршување во која беа наведени оправданите трошоци за обука и усовршување за кои одговорното лице на Барателот за исплата на државна помош со официјално заверен потпис и печат тврди дека трошоците кои се во прилог на Програмата се употребени за општо усовршување на вработените во склоп на работниот процес на компанијата во земјата и во странство.

Државната помош во вид на учество во трошоците за изградба на зградите и објектите од инвестициските проекти на корисниците на ТИРЗ беше исплатена врз основа на поднесени фактурите за трошоците на Барателот за подготовка на земјиштето (вклучувајќи и трошоци за ископување и нивелирање на земјиштето) и изградба на сите објекти и

простории потребни за остварување на инвестицискиот проект, вклучувајќи ги сите трошоци остварени во процесот на планирање и изградба во согласност со одредбите на соодветните Договори за доделување на државна помош кои инвеститорите ги склучиле со Владата на Р. Македонија. Имајќи во предвид дека фактурите претставуваат официјални документи кои се составуваат од страна на продавачот или давателот на услуги при една купопродажба, и претставува список на производи и услуги кои се предмет на купопродажбата, цената на чинење на секој производ или услуга поодделно кои купувачот треба да ги плати, АСИПИРМ смета дека истите може да се сметаат за релевантен доказ со кој се докажува дека се настанати реално реализирани трошоци по основ изградба на зградите и објектите од инвестициските проекти. Покрај фактурите, Барателите на кои им беше исплатена државна помош како придружна документација имаа приложено и времени состојби и извадоци од градежни книги од кои дополнително можеше да се увиди дека се работи за реално настанати трошоци за инвеститорите кои согласно релевантните македонски закони кои ја регулираат оваа сфера и соодветните Договори за доделување на државна помош склучени со Владата на Р. Македонија претставуваат основа за доделување на државна помош.

Државната помош во вид на компензација на определен процент на бруто платите на вработените во корисник на ТИРЗ беше исплатена врз основа на поднесена документација официјално издадена од страна на Управата за јавни приходи во која е наведена пресметката на исплатената бруто плата од страна на инвеститорот и рекапитулар за поединечните бруто плати на вработените во инвеститорот потпишан и официјално заверен со печат од страна на одговорното лице на инвеститорот.

Имајќи го во предвид горенаведеното и фактот дека ниту еден од релевантните закони и подзаконски акти кои ја регулираат областа на државна помош во Р. Македонија не посочува каков тип на докази и во која форма треба да се поднесат истите од страна на инвеститорите кои имаат склучено Договори за доделување на државна помош со Владата на Р. Македонија за Барањата за исплата на државна помош да се сметаат за оправдани (овој проблем се надминува со Упатството за контрола, оценување и следење на државната помош - во прилог, барем во делот на АСИПИРМ), АСИПИРМ смета дека

забелешката наведена во третата алинеја дава погрешен впечаток за реалната ситуација на терен и дека истата треба да изостане од текстот на конечниот извештај на Државниот ревизор.

ДОКАЗ:

- Барање за доделување на државна помош бр.03-1858/1 од 30.08.2012 година (Програма за општо усовршување на вработени со преглед на трошоци, Преглед на фактури за направени патни трошоци, Преглед на фактури за материјали за тренинг, Преглед на плати за вработените, Преглед за амортизација за машините, Преглед за трошоци за обучувачи, Листинг на лица кои посетувале обука, Записник од 7-ми состанок на комисија, Одлука за исплата бр.02-2707/1 од 26.12.2012, Коорпоративна гаранција, Решение за започнување со работа, Одлука за одобрување на исплата 02-2616/1 од 17.12.2012 година, Записник од 6-та седница на комисијата за државна помош, Листинзи од Агенција за вработување на РМ од 29.08.2012 година)[1]
- Барање за исплата на државна помош бр.03-602/1 од 27.02.2012 година (Времени ситуации за периодот 01.087.2011 година до 15.02.2012 година со прилог градежна книга и прилог фактури согласно времени ситуации, Одлука за одобрување на исплата 02-769/1 од 19.03.2012 година),
- Барање за исплата на државна помош 03-228/1 од 25.01.2012 година (Рекапитулар за вработени и бруто плата, декларации за прием од УЈП за 10,11 и 12 месец со листинзи за вработени, Одлука за одобрување на исплата бр.02-1112/1 од 08.05.2012, Записник од 2-та состанок на комисјата за државна помош),
- Барање за исплата на државна помош бр.03-1022/1 од 24.04.2012 година (Рекапитулар за вработени и бруто плата, декларации за прием од УЈП за 1, 2 и 3 месец од 2012 година со листинзи за вработени, Одлука за одобрување на исплата бр.02-1114/1 од 08.05.2012, Записник од 2-от состанок на комисјата за државна помош),

---

[1] Преглед на сите доставени фактури се составен дел на соодветниот предмет, односно барање за исплата на државна помош кои се наоѓаат во Агенцијата

**- Барање за исплата на државна помош бр.02-096/1 од 02.07.2012, достава на дополнување на барање од 10.07.2012 година, дополна на барање од 29.08.2012, дополна на барање од 07.09.2012, дополна на барање од 12.09.2012 година (Извештаи за доставени фактури, Фактури за градба со прилог-преглед, Фактури за испорака на стоки, услуги и материјали со прилог преглед, Одлука за одобрување на исплата бр.02-1935/1 од 14.09.2012, Записник од 5-ти и 6-ти состанок на комисјата за државна помош),**

**Во однос на наодот 4.3.1– констатација во алинеја 4**
**Образложение:**
АСИПИРМ при оценката на доказите кои се поднесени во прилог на Барањата за исплата на државна помош се фокусира на нивната содржина односно на фактот дали од поднесените докази може да се процени дека се настанати оправдани трошоци за инвеститорот согласно одредбите на законските и подзаконските акти од областа на државната помош и одредбите на соодветните Договори за доделување на државна помош врз основа на кои се поднесени Барањата за исплата на државната помош. Во однос на оваа забелешка би сакале да Ве информираме дека во однос на исплатата на државната помош во вид на учество во трошоците за изградба на зградите и објектите од инвестициските проекти на корисниците на ТИРЗ се вршеше врз основа на поднесени фактури за трошоците на Барателот за подготовка на земјиштето (вклучувајќи и трошоци за ископување и нивелирање на земјиштето) и изградба на сите објекти и простории потребни за остварување на инвестицискиот проект, вклучувајќи ги сите трошоци остварени во процесот на планирање и изградба во сите случаи во кои беше исплатена ваков вид на државна помош. Покрај фактурите инвеститорите имаа приложено и времени состојби и извадоци од градежни книги од кои дополнително можеше да се увиди дека се работи за реално настанати трошоци за инвеститорите. Во однос на државната помош за одобрени трошоци за обука и усовршување на вработените ангажирани во инвестицискиот проект на корисник на ТИРЗ Ве информираме дека истата беше исплатена врз основа на фактури и другите видови документација која официјално се користи од страна на Барателот и поврзаните лица на Барателот и тоа за само за трошоците кои се претставуваат оправдани трошоци за обука и усовршување согласно

релевантните законски и подзаконски акти од областа на државната помош кои се наведени подетално во објаснувањето по претходната забелешка. Имајќи во предвид дека секоја тренинг програма е специфична и дека секоја компанија има свој тип на обуки поврзани со специфичниот начин на работење и производство нормално е дека доказите кои ќе се доставуваат по оваа основа ќе се разликуваат од инвеститор до инвеститор, меѓутоа сите наведени поднесени докази се во согласност со релевантните законски и подзаконски акти кои го регулираат делот на државна помош и за сите нив одговорното лице на Барателот за исплата на државна помош со официјално заверен потпис и печат тврди дека трошоците наведени во прилог на Барањето се употребени за усовршување на вработените во склоп на работниот процес на компанијата во земјата и во странство.

Имајќи го во предвид горенаведеното и фактот дека ниту еден од релевантните закони и подзаконски акти кои ја регулираат областа на државна помош во Р. Македонија не посочува каков тип на докази и во која форма треба да се поднесат истите од страна на инвеститорите кои имаат склучено Договори за доделување на државна помош со Владата на Р. Македонија за Барањата за исплата на државна помош да се сметаат за оправдани (овој проблем се надминува со Упатството за контрола, оценување и следење на државната помош - во прилог, барем во делот на АСИПИРМ), АСИПИРМ смета дека забелешката наведена во четвртата алинеја дава погрешен впечаток за реалната ситуација на терен и дека истата треба да изостане од текстот на конечниот извештај на Државниот ревизор.

**Во однос на наодот 4.3.1– констатација во алинеја 5**
**Образложение:**
Агенцијата **Ве известува дека:**
упатство за сметководство и
упатство со препораки за воспоставување на контроли и процедури во рамки на секторот за финансиски прашања

**Во однос на наодот 4.3.1– констатации во алинеја 6**
**Образложение:**
Со донесеното Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош (во прилог) се надминува оваа забелешка на начин што се предвидува Организационата единица задолжена

за државна помош и контрола за извршување на договорите, односно Секторот за поддршка на работењето на инвеститорите и примена и унапредување на законите и прописите за инвестиционите вложувања во отсуство на екипираност и функционалност на Организационата единица задолжена за државна помош и контрола за извршување на договорите најдоцна до 31 јули секоја година да изврши пресметка на доделената државна помош, износот на инвестираните средства и бројот вработените лица на секое правно лице поединечно со кое Владата на Република Македонија претставувана и застапувана од АСИПИРМ има склучено Договори за доделување на државна помош за претходната година. Контролата на спроведените обуки на вработените кај инвеститорите е невозможно од два аспекти: прво АСИПИРМ нема ни надлежност, ни обврска, ни кадровска екипираност да врши инспекциски надзор на спроведувањето на обуките на вработените кај инвеститорите и второ, обуките на вработените кај инвеститорите се состојат од имплементација на специфични тренинг програми во однос на процеси и процедури кои најчесто се доверливи и тајни и се специфични за секој поединечен инвеститор со што е невозможно кој било орган на државната управа или друга организација со седиште во Р. Македонија да врши ефективен надзор на таквиот вид на обуки. Исто така голем дел од тие обуки се вршат надвор од Р. Македонија што ја прави невозможна контролата на таквиот тип на обука. Упатството за контрола, оценување и следење на државната помош предвидува можност да се побара Изјава заверена на нотар во која одговорното лице на Барателот под морална, материјална и кривична одговорност ќе изјави дека целата поднесена документација во прилог на Барањето за исплата на државна помош по овој основ е искористена за образование во форма на посебно или општо усовршување на работниците и истата претставува оправдан трошок за усовршување во согласност со наведеното во Барањето за исплата на државна помош и член 6-а на Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Р.М. бр. 14/07, 103/08, 139/09, 156/10 и 127/12") со што за вистинитоста на наведеното во Барањата за исплата на државна помош ќе биде одговорно одговорното лице на Барателот.

Со тоа сметаме дека треба да биде јасно наведен напредокот направен во однос на горенаведената забелешка односно

конечниот извештај на Државниот ревизор да содржи дел кој го констатира напредокот на АСИПИРМ во однос на забелешката од шестата алинеа на точката 4.3.1. Исто така во тој дел би сакале да напоменеме да се има во предвид фактот специфичноста на обуките на вработените заради причини напоменати погоре и затоа сметаме дека овој дел од забелешката треба да изостане од конечниот извештај на Државниот ревизор.

**Во однос на наодот 4.3.1– констатација во алинеја 7**
Образложение:
Со донесеното Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош (во прилог) се надминува оваа забелешка на начин детално разработен во делот IV "Следење на државната помош" од Упатството.

**Во однос на наодот 4.3.1– констатација во алинеја 8**
**Образложение:**
Со Решението бр. 02-2583/1 од 25.09.2013 година на Директорот на АСИПИРМ (во прилог) е доделена задача на Секторот за поддршка на работењето на инвеститорите и примена и унапредување на законите и прописите за инвестиционите вложувања да изврши проверка кај Царинската Управа на Република Македонија кој инвеститор – корисник на ТИРЗ ги пласира своите производи на територијата на Р. Македонија. Во прилог на овој Допис го имате и барањето (не е наведно долу барањето како доказ), изработен од страна на Секторот за поддршка на работењето на инвеститорите и примена и унапредување на законите и прописите за инвестиционите вложувања со кои се контактира Царинската управа во однос на обезбедување информации во врска со прашањето дали и кој инвеститор – корисник на ТИРЗ ги пласира своите производи на територијата на Р. Македонија. По добиената информација од страна на Царинската управа, а во согласност со Решението бр.02-2583/1 од 25.09.2013 година на Директорот на АСИПИРМ (во прилог) се задолжува Секторот за поддршка на работењето на инвеститорите и примена и унапредување на законите и прописите за инвестиционите вложувања да ја информира Комисијата за заштита на конкуренција, која е надлежна институција во овој дел согласно Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Р.М. бр. 145/10 и 136/11") ако се констатира продажба на производи од страна на

корисник на ТИРЗ на територијата на Р. Македонија. Воедно, со донесеното Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош (во прилог) се надминува оваа забелешка на начин детално разработен во делот IV "Следење на државната помош" од Упатството.

**Во однос на наодот 4.3.1– констатација во алинеја 9**
**Образложение:**
Имајќи го во предвид сите горенаведени објаснувања и појаснувања по однос на забелешките наведени во алинеите кои се дел од точката 4.3.1 сметаме дека искажаните констатации во продолжение (помеѓу алинејата 9 и препораките) не одговараат на објективната состојба во реалноста.. Заради тоа бараме нивно изоставување од конечниот извештај на Државниот ревизор, не само во овој дел од текстот туку секаде каде што се споменуваат овие констатации низ текстот, бидејќи ако истите не се изостават односно терминолошки видоизменат ќе треба да се спроведат дополнителни постапки со други релевантни организации за да се процени релеватноста на сметководствената документација врз основа на која е одлучувано.
Сметаме дека со донесеното Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош (во прилог), сите препораки се имплементирани.
**Во однос на наодот 4.3.2– констатација во алинеја 1**
**Образложение:**

Имено, Агенцијата веќе има изготвено Упатство со кое се регулира следењето и реализацијата на кампањата, кое ви го доставуваме во прилог на одговорот. Во досегашната практика на работата на Секторот за маркетинг и комуникации во текот на кампањата Invest Macedonia процедура како што е наведено во забелешката е запазена во целост, без оглед на тоа што не постоел акт што тоа го регулира.

**Во однос на наодот 4.3.2– констатација во алинеја 2**
**Образложение:**

Пред склучување на договорите за медиумската кампања за 2012 година, во понудата на медиумот кој е избран јасно е дефинирана вредноста, истата е содржана во договорот каде што покрај цената,јасно се дефинирана динамиката за водење

на кампања и динамиката на плаќање на доспеаните фактури по одреден договор.

ДОКАЗ:

- **Понуди, договори со медиуми и преписки со медиумите за кампањата Invest Macedonia 2011 и 2012 година**
- **Одлука од Управен одбор на АСИПИРМ за кампања за Invest Macedonia за 2012 година.**

**Во однос на наодот 4.3.2– констатација во алинеја 5**

**Образложение:**

Во случаите кога од страна на Агенцијата не се признава одредена обврска по основ на договори за медиумска кампања, тоа се врши во координација со соодветниот медиум, а не еднострано во функција на отстранување на формалните неправилности кои ги утврдила Агенцијата во поглед на извршувањето на медиа плановите и фактурираните износи.

**Во однос на наодот 4.3.3**

**Образложение:**

Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ со одлука за престанок на користење и давање на користење на недвижна ствар објавена во Службен весник на Република македонија бр. 24/05 е дадено на користење 420,64 м2 дел од недвижна ствар. По разгледување на документацијата со која располага Агенцијата утврдено е дека Агенцијата не располага со документација освен наведената одлука од која може да се утврди вредноста на недвижната ствар како истата би се внела во билансната евиденција на Агенцијата. Односно, Агенцијата не располага со соодветна документација за извршено примопредавање на недвижната ствар со Министерството за економија како поранешен сопственик – корисник. Агенцијата во најбрзо време ќе пристапи кон обезбедување на потребната документација со сите неопходни информации како недвижната ствар (спратот на кој е сместена) би се внела во билансните евиденции на Агенцијата со што ќе биде прикажана во извештајот за попис за 2013 година.

**Во однос на наодот 4.3.4 – констатација во алинеја 1**

**Образложение:**

Во однос на овој наод побарувањата од вработените заклучно со 31.12.2012 година се извршени и евидентирани во Извештајот

за податоците од завршна сметка од 2012 година за АСИПИРМ за буџетската сметка кој Ви го доставуваме. Овој извештај е доставен и усвоен на седница на управниот одбор на Агенцијата кога е усвоен и извештајот за извршениот попис.

ДОКАЗ:
**- Извештајот за податоците од завршна сметка од 2012 година за АСИПИРМ за буџетската сметка бр.05-599/1 од 25.02.2013 година**
**- Одлука за донесување на Завршна сметка на Агенцијата бр. 02-631/1 од 27.02.2013 година.**

**Во однос на наодот 4.3.4 – констатација во алинеја 2 и 3**
Образложение:
Согласно претходно наведеното, побарувањата на вработените се попишани и искажани во завршната сметка на Агенцијата за 2012 година, додека ризикот за неможност за наплата за претходно одобрени, а неоправдани средства постои секогаш и не е поврзан со ангажманот на определено време на промоторите. Во досегашниот период на расчистување на салдата на промоторите на кои им бил раскинат ангажманот со Агенцијата секогаш била извршена наплата на претходно одобрени, а неоправдани средства при конечните слагања бидејќи на Агенцијата во секој момент и стои на располагање правото на поведување на судска постапка и утужување на овие средства.
Во поглед на наводите за големи невратени средства од поединечните сметки на промотерите на буџетот на 28 декември 2012 година сметаме за потребно да укажеме на следното:
- промоторите за своето функционирање во странство, имаат отворени подсметки во Стопанска банка (сметката е на АСИПИРМ-која е буџетски корисник) и функционираат со виза бизнис картички на Стопанска банка. Средствата ги подигаат на банкомати во готовина или плакаат директно дадени трошоци ако е тоа можно во дадената земја каде се наоѓаат. По изминување на даден месец, во Агенцијата се добиваат месечни банкарски извештаи од Стопанска банка, кои како такви се доставуваат веднаш до промоторите во електронска верзија, а кои се задолжени согласно Правилникот за работа на економските промотори до 15-ти во месецот да достават обработен финансиски извештај со сите платени сметки во седиштето на Агенцијата во Скопје. Потоа, книговодствено се

обработуваат доставените извештаи со пропратната документација и платени сметки. Оттука, секое признавање на трошок се врши согласно доставена документација која во зависност од спецификите на змејата каде што е упатен промотерот може да варира во својата форма, но валидна сметководствена документација за извршените трошоци секогаш се обезбедува. Во спротивно прикажаниот трошок во финансискиот извештај од страна на промотерот не се признава. Реално, потребно е решиси месец и половина за целосна обработка на сите податоци и придружна документација, така да релевантните книговодствени податоци за анализа за даден месец секогаш се добиваат по два месеца од изминатиот обработуван период. Од тие причини, постојат реални потешкотии за враќање на непотрошените средства во Буџетот на РМ најдоцна на 31 декември во тековната година. Имено, така се јавува и постои реален, но објективен проблем на терен, да промоторите од местата каде се упатени да работат неможат да ги вратат средствата на нивните оперативни сметки, бидејки тие се отворени на сметката на Агенцијата која е буџетска, а буџетската сметка не може да прими парични средства од физички лица како што се промоторите. За надминување на оваа ситуација, Агенцијата има утврдено две можности: прво, да се вратат средствата на нивните оперативни сметки и тоа во Скопје, каде нивната непотрошена готовина би се уплатила на нивната оперативна сметка на шалтер во Стопанска банка кај сметките за физички лица, со опис поврат на непотрошени средства со налог пп 10. Тоа промотерот би можел да го изврши:

1/ кога ќе дојде во Скопје на годишни консултации кон средината на декември, но тогаш Агенцијата располага со книговодствена состојба заклучно со месец октомври за тековната година, што не е посакуваниот термин за повратот на средствата или

2/ по утврдувањето на книговодствената состојба на сметките со завршната сметка со состојба 31.12.2013 година, што е термин секогаш во февруари во дадена (наредната) година, термин кога промоторите се на утврдените дестинации – не се во Скопје - а оттаму каде се, не се во можност да ги вратат средствата во Стопанска банка која ги прима непотрошените средства единствено на шалтер согласно банкарските практики и работење.

Оттука, произлегува дека промоторите не се во состојба да ги вратат непотрошените средства на сметките ниту на 31

декември, поради тоа што во тој период има книговодствена состојба заклуцно со 31 октомври за тековната година, а ниту во февруари наредната година за претходната (кога има книговодствена состојба за сметките заклучно со 31.12), но тие не се во Скопје да ги извршат повратите на средствата. а каде единствено можат да го сторат тоа.

Истиот проблем се јавува и со враќањето на депозитите. Имено, промотерите немаат каде да ги вратат повратените депозити, бидејки се надвор од земјата, и оттаму каде се наоѓаат, како физички лица, не можат да ги уплатат вратените депозити на буџет т.е. на сметката на АСИПИРМ. Оттука произлегува и неможноста да се води целосна аналитичка евиденција за раздолжувањето на депозитите. Единствено сто може, е да се евидентираат повратите на депозитите на сметките како прилив на средства во финансиските извештаи, што и го врши Агенцијата ,со што книговодствената состојба на сметките потоа би била соодветна на фактичката состојба.

Во поглед на наводот да се води аналитика за неподмирените обврски на промоторите со состојба на крајот на годината, повтроно сметаме за потребно да укажеме дека таква евиденција не би можела да се води, од причина што промоторите ги доставуваат само платените сметки заедно со извештаите, а не и добиените, а неплатени сметки од нивна страна со што станува неможно да се води таква целосна евиденција во Агенцијата.

**Во однос на наодот 4.3.5**

**Образложение:**

Повторно би сакале да укажеме дека пописот на краткорочни обврски кон добавувачите и краткорочните обврски со 31.12.2012 година се искажани во Извештајот за податоците од завршна сметка од 2012 година за АСИПИРМ за буџетската сметка. Истите на месечно ниво редовно се доставуваат до Секторот Трезор во Министерството за финансии.

Во однос на втората алинеја од овој наод укажуваме дека обврските по основ на државна помош спрема добавувачи во земјата не се прикажани во Извештајот за извршен попис во дадениот износ бидејќи по истите не се донесени соодветни решенија за исплата на државна помош поради недостиг на финансиски средства. Односно, обврската која ја наведува ревизорот во извештајот се однесува на барањата за доделување за државна помош доставени од корисниците на државна помош до Агенцијата, но кои не се процесуирани со

соодветно решение бидејќи немало средства за нивна исплата. Односно Агенцијата евидентира обврска по основ на државна помош во моментот на носење на соодветно решение за исплата, а не по поднесено барање од корисникот на државната помош.

Во однос на третата алинеја доколку наведеното се однесува на фактурата со број 79118 RI од British Sky Broadcasting Ltd истата е фактурирана на 17.01.2013 година, а примена во Агенцијата на 10.07.2013 година.

Во однос на четврта алинеја, посочуваме дека разликата помеѓу искажаната обврска на Агенцијата и документацијата доставена од ЕВН се должи на стар заостанат долг кој што Агенцијата не можеше да го евидентира како своја обврска се до потпишување на спогодбата за поделба на фактуруранитe комунални трошоци за електрична енергија со Министерство за правда и АППРМ кој е потпишан во февруари 2013 година. По потпишување на спогодбата, истиот долг е соодветно евидентиран во билансните евиденции на Агенцијата.

ДОКАЗ:

**- Спогодба за подлеба на фактурираните комунални трошоци за електрична енергија за периодот до потпишување на Договорот за процентуална распределба на потрошена електрочна енергија бр. 03-2150/1 од 25.11.2011 година**

**- Договор за процентуална распределба на потрошена електрочна енергија бр. 03-2150/1 од 25.11.2011 година**

**- фактура со број 79118 RI од British Sky Broadcasting Ltd**

**4.4 Користење на средства согласно законските прописи**

**Констатација во наод 4.4.1.**

**Образложение:**

Агенцијата би сакала да укаже дека одредбите од Нацрт извештајот во овој дел се нејасни. Имено, не е јасно дали треба овој додаток да се предвиди во Правилникот и доколку биде предвиден дали повторно има потреба од засебно решение за сметкополагач што за други надоместоци и додатоци на плата не е случај, ниту е предмет на забелешка во Нацрт извештајот.

Исто така мораме да укажеме на претешката квалификација изнесена во овој дел бидејки додаток на плата за економските промотери по основ на обем и сложеност на работа во висина од 3% од основната плата се исплаќа согласно подзаконски акт

на МНР т.е член 17 став 1 од Уредбата за начинот и постапката за утврдување на плата, додатоци на плата и надоместоци на определени трошоци во ДКП-та на РМ ("Службен весник на РМ" бр. 22/2007) и истиот се исплаќа сосема во согласност со законските прописи. Агенцијата со спогодбите за заедничка соработка која ја склучува со МНР и секој промотер, се обврзала да ги почитува законските, подзаконските, општите и внатрешните акти на МНР, а особено сите акти поврзани со надоместоци и додатоци за плата, па дури се почитуваат и обични дописи кои се однесуваат на ова право што е побарано и од Ваша страна. Не секогаш има потреба од регулирање на некое право на промотер во Правилник и сметаме дека во овој случај истото не треба да биде децидно наведено во внатрешните акти во Агенцијата особено кога истото право се стекнува со самото стекнување на статус на дипломат, стои во подзаконски акт на МНР, и важи како за останатите дипломати така и за економските промотери. Да потенцираме дека со Решение од Министерот за надворешни работи промотерот се упатува да биде акредитиран преку определено ДКП (без оглед дали работи од дома-сепак се акредитира некаде и ја обавува истата работа) и со сите права и обврски сосема се изедначува со останатите дипломати.

Разликата меѓу МНР и Агенцијата во овој дел е фактот што МНР во ДКП-ата има вработено повеќе луѓе и само еден од нив добива засебни задолженија како сметкополагач за што добива и засебен додаток, додека Агенцијата не испраќа други вработени во ДКП-ата кои би извршување засебни работи поврзани со пресметки, исплати на средства и кои имаат дополнителни овластувања како сметкополагачи. Агенцијата како и МНР им го исплатуваат овој додаток на плата на лицата кои се задолжени да ги извршуваат овие должности, а во нашиот случај станува збор за едно единствено лице-економскиот промотер кој ги врши сите работи самостојно.

Како и сите останати решенија за утврдување на основица на плати, решенија за висина за надомест за изнајмување на стан и оваа одредба од подзаконскиот акт на МНР должни сме да ја почитуваме. Доколку не би постапиле по упатствата и актите од МНР, Вие повторно би ни укажале и би не задолжиле да постапиме по нив. Ова право на надоместок е од особено значење бидејќи економскиот промотер располага со буџетски (државни) средства во земјата каде е упатен, отвара сметки, врши плаќања, односно извршува работи и задачи за сметка на Агенцијата во странство каде Агенцијата не е регистрирана

како засебно правно лице и од особено значење е некој да биде овластен за сметкополагач. Со самото исплаќање на додатокот тој е одговорен за законско и наменско трошење на буџетски средства. За располагањето со буџетот економскиот промотер доставува финансиски извештаи во кои секоја сметка треба да биде оправдана за што дополнително одговараат пред законот, а и дисциплински. Апсолутно ги отфрламе претешките констатации дека се работи за незаконски и ненаменски исплати од причина што, повторно потенцираме, сето тоа е уредено со подзаконски акт на МНР и кој акт доследно се применува и за нивни вработени. А дали има потреба од засебно решение или не, тоа е предмет на интерна организација на работите или различни толкување. Во МНР се регулира со засебно решение, во Агенцијата со засебна алинеја во самото решение за плата. Понатаму, да напоменеме дека ова право се исплаќа од прв ден на упатување на првиот економски промотер во странство, не е ништо ново измислено и секако не беше предмет на оспорување при извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за 2008 година.

ДОКАЗ:

- **Решение за исплата на плата и додатоци на плата бр. 02-783/1 од 31.03.2010 година,**
- **Решение за утврдување на плати и други надоместоци за исплата на работникот за работа во странство бр. 02-1591/2 од 20.05.2008 година,**
- **Уредбата за начинот и постапката за утврдување на плата, додатоци на плата и надоместоци на определени трошоци во ДКП-та на РМ ("Службен весник на РМ" бр. 22/2007),**
- **Правилник за финансиско и материјално работење на Дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во странство на МНР.**

**6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**

**Констатација во наод 6.1** Ве известуваме дека со Решението бр. 02-2583/1 од 25.09.2013 година на Директорот на АСИПИРМ (во прилог) е доделена задача на Секторот за поддршка на работењето на инвеститорите и примена и унапредување на законите и прописите за инвестиционите вложувања да изврши консултација со надлежните органи со цел преземање активности за поведување на постапка за наплата на договорна казна и надомест на загуба и штета.

Поради сето горенаведено, сметаме дека Овластениот државен ревизор треба да ги земе во предвид дадените образложенија, постапувањето на Агенцијата во голем дел од дадените препораки во Нацрт извештајот и доставените докази, да ја преоцени фактичката состојба, да ги преиначи соодветните препораки и да го констатира напредокот на АСИПИРМ.

Со почит,

Директор

Висар ФИДА

Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија * СКОПЈЕ *

Доставено и до:
- Архива

**Прилог број 3**

**Одговор**
**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

Директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (АСИПИРМ) на ден 16.10.2013 година достави забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година, број 03-419/4, заведени во Државниот завод за ревизија под број 17-211/5.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Респектирајќи ги дадените аргументи и известувања за напорите кои се направени со цел да се надминат констатираните состојби во ревизорскиот извештај во 2008 година, истакнати во **точката 3** – осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките, би сакале да укажеме дека овој пасус од извештајот претставува известување пропишано согласно методолошките упатства на Државниот завод за ревизија, за резултатот од статусот на препораките од извршената ревизијата во претходниот период, во овој случај 2008 година, кои состојби треба да бидат надминати со примената и актуелноста на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2012 година. Упатените забелешки ќе бидат земени во предвид во Конечниот извештај со ажуриран преглед на статусот на препораките од извештајот.

2. На упатените забелешки на **Резимето**, ревизијата ќе се произнесе по поединечните забелешки по наодите во натамошниот текст од одговорот на забелешките со оглед на тоа дека истото претставува резултат на констатираните состојби во Нацрт извештајот. Доколку некоја од забелешките биде прифатена истото ќе влијае на соодветна измена на текстот во резимето.

3. Забелешките на **препораките** во наодот **во точка 4.1.1** од Нацрт извештајот, од поглавјето интерни контроли, претставува **известување** за преземање на мерки и донесување на пишани процедури по дадените препораки во Нацрт извештајот, со што ќе се создадат услови за воспоставување на целосен систем на интерни контроли во АСИПИРМ. Во прилог на забелешките

одговорното лице на субјектот ги достави донесените интерни акти и процедури во месец септември и октомври 2013 година, чие донесување соодветно ќе биде обелоденето во наодот од Конечниот извештај, а препораките соодветно прилагодени.

4. Забелешката на наодот во **точка 4.2.1, алинеја 1** од Нацрт извештајот, која се однесува на надлежноста на УО да одлучува по приговорите во врска со работниот однос на вработените да биде вклучена во Статутот на Агенцијата, **се прифаќа** образложениеото и аргументите дадени од субјектот и истата ќе биде изземена од Конечниот извештај.

   Во врска со неусогласеноста во надлежностите што ги има директорот во Законот и Статутот, во алинеја 2 од наодот, УО донел Одлука за изменување и дополнување на Статутот, во октомври 2013 година, која е дадена во прилог на забелешките, со што субјектот делумно постапил по препораката.

5. Забелешката на наодот во **точка 4.2.2** од Нацрт извештајот, која се однесува на недонесени акти за работата на економските промотори претставува **известување** за постапување по препораките дадени од овластениот државен ревизор за што одговорното лице во прилог достави донесени акти во текот на месец септември и октомври 2013 година. Истото соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај.

6. Забелешката на наодот во **точка 4.2.3** од Нацрт извештајот, која се однесува на надлежностите на УО предвидени со Статутот да одлучува за сите прашања од делокруг на Агенцијата кои го надминуваат износот од 5.000 евра, во делот на исплатата на средствата за државна помош и медиумска кампања, **не се прифаќа**, од причина што не се доставени нови докази за промена на состојбата во наодот. Образложениеото кое е дадено во забелешките овластениот државен ревизор го имаше во предвид, а приложените акти (Одлука за измена и дополна на Статутот, од октомври 2013 година и Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош), се однесуваат за иден период, а за примена на Одлуката со која делумно се менува надлежноста на УО во делот на исплата на средствата за медиумска кампања, е потребна согласност од Владата на РМ.

7. Забелешките на **препораките** во наодот **во точка 4.2.4** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на обврските на АСИПИРМ во врска со евиденциите и известувањата при доделувањето на државната помош, пропишани со законската регулатива во Република Македонија претставуваат **известување** за започнување на активности по дадените препораки во Нацрт извештајот. Директорот на Агенцијата, за надминување на состојбите во наредниот период, донел Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош и доставил барања – дописи за обезбедување на податоци до корисниците на државна помош и надлежните институции.

8. Забелешките на наодот во **точка 4.2.7** од Нацрт извештајот, во кој се наведени недоследностите кои можат да имаат влијание на трошоците кои им се признаваат на економските промотори се однесуваат на:

   - Забелешката на **алинеја 2 ,** која се однесува на начинот на уредување на висината на закупнината за економските промотори за кои РМ нема ДКП, односно измената на Правилникот за работа на економските промотори во странство и за утврдување на плати, додатоци на плати и надоместоци по утврдени трошоци за економските промотори во АСИПИРМ од декември 2012 година, во која не се земени во предвид укажувањата на МНР, **не се прифаќа**. Имено наодите во точката 4.2.7. кои ревизијата ги дефинирана во поглавјето *Усогласеност за закони и прописи,* имаат за цел да укажат на недоследностите помеѓу интерните акти. Наодите во оваа алинеја исто така имаат за цел да укажат на висината на трошоците кои можат да се направат и во иднина, притоа не оспорувајќи го начинот на исплатата на закупнината на конкретниот економски промотер.

   - Забелешката **на алинеја 3,** која се однесува на начинот на признавање на трошоците за јавен превоз и трошоците за службени патувања **не се прифаќа,** односно истата не е во насока на искажаната неусогласеност на Правилникот и Упатството за работа.

   - Во забелешката **на алинеја 6,** директорот на АСИПИРМ **известува** за причините на утврдената состојба во наодот кои беа земени во предвид во текот на ревизијата.

9. Забелешките на наодот во **точка 4.3.1** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на исплатата на средствата за државна помош, овластениот државен ревизор се произнесе како што следува:

   - забелешката на **алинеја 1** и **2**, која се однесува на начинот на исплата на државната помош во текот на 2012 година претставува **известување** за преземени активности со донесување на Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош број 02-2600/1 од 30.09.2013 година, доставено во прилог, со чија имплементација се очекува да се надминат констатираните состојби, што соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај, а препораката соодветно адаптирана.

   - забелешката на **алинеја 3,** која се однесува на документацијата во прилог на барањата за исплата на државна помош **не се прифаќа.** Имено, респектирајќи го даденото објаснување за потребната документација по која треба да се одлучува за исплата на државната помош, што ревизијата го имаше во предвид, потребно е да се истакне дека дадените забелешки не се во насока на менување на состојбата односно наодот се однесува за неуредната и нецелосна документацијата која беше презентирана од страна на одговорните лица во текот на ревизијата.

   - Забелешката на **алинеја 4,** која се однесува на различниот вид на доставена документација /доказ за исплата на државна помош **не се прифаќа.** Искажаните аргументи ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата односно ја имаше во предвид разноликоста на видовите на документацијата што може да се јави но која се должи односно е резултат на непропишани документи за секој поделен вид на оправдан трошок. Оваа состојба субјектот очекува да ја надмине со донесеното Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош од 30.09.2013 година.

   - Забелешката на **алинеја 5,** која се однесува на исплатата на државна помош во вид на 50 % компензација од бруто плата на вработените и истовремено со ослободување на плаќање на персонален данок од доход на сите вработени во кои се вклучени и делот на вработените за кои се користи грант, **не се прифаќа**, бидејќи упатствата донесени во

2013 година на кои `не упатува субјектот, не соодвествуваат со констатацијата на наодот.

- Забелешката на **алинеја 6,** која се однесува на контролата на средствата исплатени како државна помош, претставува **известување** за начинот на преземањето на активности за надминување на констатираната состојба, со акцент на примената на донесеното Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош.

- Забелешката на **алинеја 7,** која се однесува на непреземени активности за обезбедување и проверка на извештаите за работењето и останатите обврски доставени од инвеститорите, претставува **известување** за надминување на истата со примена на одредбите од дел IV „Следење на државната помош„ од донесеното Упатство за контрола, оценување и следење на државната помош.

- Забелешката на **алинеја 8,** која се однесува на пласирањето на производи на територијата на РМ, претставува **известување** за преземање активности за надминување на утврдената состојба во наодот.

- Забелешката на пасусот **по алинеја 9,** од Нацрт извештајот, претставува ефект од констатираната состојба во наодот пропишан со методолошките упатства на Државниот завод за ревизија.

10. За забелешките на наодот во **точка 4.3.2** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на исплатата на средствата за медиумска кампања, овластениот државен ревизор се произнесе како што следува:

    - Забелешката на **алинеја 1,** претставува **известување** дека Агенцијата има изготвено Упатство за утврдување/попис на работните процеси што се однесува на медиумска кампања и следење и реализација на медиа плановите и останатите одредби од договорите, како и чување и архивирање на материјалите, што ќе биде соодветно обелоденето во Конечниот извештај.

- Забелешката на **алинеја 2** која се однесува на необезбедената потврда за вредноста на договорите/медиа плановите, **не се прифаќа**, поради тоа што дадената забелешка не е во насока на оспорување на состојбата, како и не се доставени дополнителни докази, а понудите/преписките и Одлуката од УО за кампањата, кои се приложени во забелешките ги имавме во предвид при вршењето на ревизијата.

- Забелешката на **алинеја 5** која се однесува на признавањето и на плаќањето на обврските **не се прифаќа,** од причина што со даденото образложение не се доставени дополнителни докази за оспорување на истата.

11. Забелешката на наодот во **точката 4.3.3** од Нацрт извештајот, која се однесува на неевидентираниот деловен простор даден на користење на АСИПИРМ, со Одлука донесена од Владата на РМ, претставува **известување** за планирани активности во идниот период со цел реално и објективно прикажување на вредноста на материјалните средства во деловните книги и финансиските извештаи.

12. Забелешките на наодот во **точката 4.3.4 алинеја 1, 2 и 3** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на искажаните побарувања на вработените во износ од 7.964 илјади денари, **не се прифаќаат**. Во забелешките дадени се образложенија од субјектот со прилог документација кои не влијаат на промена на состојбите во наодот и истите ревизијата ги имаше во предвид.

13. Забелешките на наодот во **точка 4.3.5** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на неизвршениот попис на краткорочните обврски спрема добавувачите и краткорочните финансиски обврски согласно Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, **не се прифаќаат**. Во забелешките дадени се образложенија од субјектот со прилог документација кои не влијаат на промена на состојбите во наодот. Ревизијата има обврска да укаже на соодветна примена на законската регулатива во РМ при евиденцијата и пописот на обврските, и во случаи кога постои специфичност во начинот на нивното настанување.

14. Забелешката на наодот во **точка 4.4.1** од Нацрт извештајот, која се однесува на исплатата на месечен додаток на плата на економските промотори по

основ на обем на сложеност на работа во висина од 3% од основната плата, врз основа на донесено решение од директорот**, не се прифаќа.** Исплатата на надоместокот е без законски основ, а доставените докази - интерни акти во прилог на забелешките ги имавме во предвид во текот на вршењето на ревизијата.

15. Упатената забелешка на **точката 6.1.** од поглавјето нагласување на прашања за неизвесност или континуитет а кои се однесуваат на неисполнувањето на инвестициските обврски  предвидени со договорите за државна помош, претставува **известување** за преземање на мерки и активности од страна на Директорот на АСИПИРМ.

**Прилог број 1**

**Резултати**

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор, број 08-2/2 од 28.01.2010 година за АСИПИРМ**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **Интерни контроли** | | | |
| 10.2.1 | Вработените се распоредени на работни места според Правилникот за систематизација, со кој треба да се обезбеди разграничување на должностите и одговорностите и функционирање на востановените контроли.<br>во Секторот за администрација и кооординација меѓу другото се доделува државна помош и се спроведуваат постапките за јавни набавки. Ревизијата смета дека поради сложеноста наведените активности треба да се извршуваат во посебни организациони | Одговорното лице да го зајакне општото контролно опкружување со посебен акцент на:<br>Методата на доделување овластувања и одговорности;<br>Контролниот систем на раководството и следење на успешноста на работењето;<br>Метода на контрола на примената на законите и прописите;<br>Воведување внатрешна ревизија, | **Препораката е спроведена.** | Во месец септември 2011 година се донесени акти за систематизација и внатрешна организација на работата на Агенцијата, согласно Законот за државни службеници, формирано е одделение за внатрешна реизија и со постапка за преземање – Спогодба за вработување без јавен оглас број 04-1634/1 од 20.07.2012 година вработен е Раководител на внатрешна ревизија. |

Ревизорски тим:
1.________________
2.________________
3. ________________
4.________________

Овластен државен ревизор
________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | единици. Не е воведена внатрешна ревизија, која според Законот, е независна објективна активност, со цел на раководството да му обезбеди исполнување на начелото за сигурно финансиско управување и да му помогне во проценка и подобрување на успешноста во процесите на управување со ризикот од злоупотреби и грешки и обезбедување правилна примена на важечките законски прописи. Во услови на несоодветно разграничување на должностите и одговорностите во Агенцијата, постои ризик една комплетна деловна промена да биде во надлежност на едно лице и не е овозможено целосно следење на функционирањето на интерните контроли. | Надворешни влијанија врз субјектот (Одлуки, Заклучоци на Владата на Република Македонија). Да се преиспита актот за организација и систематизација со цел да се сообрази оптималниот број на работни места со работните задачи. Да се формира посебна организациона единица за подготовка, и имплементација и следење на обврските кои произлегуваат од договорите за државна помош и истата да се екипира со кадар стручен за оваа област. | | |
| 10.2.2 | Поради невоспоставените интерни контроли, ревизијата не се увери дека плаќањата се контролирани и одобрени од страна на одговорни лица, како и дека се направени само за примените добра и услуги. Ревизијата утврди дека плаќањата | Одговорното лице да донесе акт за користење на средства за репрезентација, заради дефинирање на правото за користење на истите. | **Препораката е спроведена.** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | се одобрени односно авторизирани само од директорот на Агенцијата.<br>Со оценка на системот на интерни контроли констатирано е дека во отсуство на пишани процедури за вршење на контрола, извршени се плаќања по неуредно ликвидирана документација.<br>На крајот од 2008 година, за надминување на состојбата, директорот донел Одлука за именување лица за проверка на комплетноста, точноста и исправноста на финансиските документи што произлегуваат од работата на секторите.<br>Агенцијата нема изготвено акт за користење на средствата за репрезентација за да се прецизира кој од вработените има право за определени службени цели и определен износ да користи средства за репрезентација.<br>Во услови на невоспоставен систем на интерно контроли во порцесот на плаќањата, постои висок ризик од ненаменско и незаконско користење на средствата. | | | |
| | **Финансиски извештаи** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10.3 | Во периодот кога Агенцијата немала статус на буџетски корисник од прва линија, постапила по Мислењето од Министерството за финансии и сметководствените документи, признавањето на приходите и расходите, оценувањето на билансните позиции како и изготвувањето на финансиските извештаи ги водела согласно Законот за сметководство на непрофитни организации.<br>Во 2008 година евидентирањето на сметководствената документација се врши пресметковно и буџетски.<br>По препорака на Министерството за финансии, завршната сметка е изготвена со спојување на двете евиденции, но останале неусогласени следните билансни позиции:<br>Постојани и други средства и државен јавен капитал. Не е извршен попис на основните средства, а за да се добие реална вредност на истите во јануари 2009 год извршена е проценка од овластен судски проценител. | Одговорното лице да го задолжи одговорниот сметководител да изврши усогласување на наведените состојби применувајќи ги одредбите од Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. | **Препораката е спроведена.** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Ставката акумулирана амортизација не е реално искажана бидејќи при преминот од пресметковен на буџетски начин на сметководствена евиденција, нема вредност за истата.<br>Пресметаната амортизација за 2008 година не е целосна т.е. не се опфатени сите средства.<br>Залихи на материјали резервни делови, ситен инвентар и останатиот капитал, поради неизвршеното усогласување на сметководствената вредност со вредноста утврдена со проценката.<br>Паричните средства и вишокот на приходи над расходи<br>Активните временски разграничувања со тековните обврски<br><br>Наведените состојби имаат влијание во реално и објективно искажување на финансиските извештаи. | | | |
| | **Користење на средства согласно законските прописи** | | | |
| 10.4.1 | Во текот на 2008 година исплатени | Да се изврши проценка на | **Препораката не е** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | се 74,740 илјади денари државна помош на Џонсон Контрол, како корисник на технолошка индустриско развојна зона. Исплатата е извршена, по претходно донесена Одлука од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на Договор, склучен помеѓу корисникот Џонсон Контрол од една страна и Агенцијата за странски вложувања, во име на Владата на Република Македонија. Според Договорот, Владата на Република Македонија се обврзала државната помош да ја додели во форма на:<br>1.грантови,<br>2.даночни ослободувања од данок на добивка за период од 10 години почнувајќи од датумот на почетокот на работењето на примателот на помошта и<br>3.друг вид на државна помош преку компензација на 50% од бруто платата на секој работник во период од 2 години.<br>Од Грантовите во вкупен износ од 4 милиони евра, 2 милиони евра | висината на износот на државната помош на среден рок, максималниот износ за ново доделување на државна помош на годишно ниво и да се сообразат со Буџетот на Република Македонија на среден рок и на годишно ниво, со цел да се утврди колкав износ на буџетски средства може да се трошат за доделување директна државна помош од страна на Република Македонија.<br>Во функција на целосно извршување на обврските од договорите за доделување државна помош што Агенцијата во име на Владата на Република Македонија ги склучува со странски компании, Министерството за финансии при планирање на Буџетот на Република Македонија да го зема предвид целиот износ на обврската. | **спроведена.** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | наменети за изградба на објектот треба да се исплатат за период од 4 години (2007-2010 година), а 2 милиони евра наменети за тренинг на вработените треба да се исплатат за период од 5 години (2007-2011 година).<br>Со увид во документацијата, ревизијата не се увери врз основа на кои критериуми е извршен изборот и е склучен договорот со фирмата Џонсон Контрол.<br>Ревизијата констатира дека со Договорот не е прецизирано:<br>како да се врши контрола на доделените средства за изградба на објектот,<br>за кои две години се компензира 50% од бруто платата, односно кога започнува правото на компензација.<br>кои докази за реализираните трошоци за тренинг се релевантни за да се потврди дека обуките се извршени за нововработен персонал,<br>Исто така, ревизијата утврди неусогласеност на законската регулатива од аспект кој е давател | Да се воспостави контролен механизам за следење и координирање на институциите, кои се вклучени во процесот на контрола на работењето на инвеститорите. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на државна помош. Имено согласно Законот за државна помош Владата на Република Македонија и органите на управа се даватели на државна помош, а Агенцијата за странски инвестиции според Законот за основање на истата не е орган на управа. Агенцијата е државен орган со Управниот одбор како орган на управување и директор кој раководи со истата. Но, Управниот одбор се оградил кога Агенцијата во име на Владата на Република Македонија го склучила договорот со Џонсон Контрол за државна помош, бидејќи во Статутот нема правен основ што го обврзува Управниот одбор да даде мислење, согласност или нешто слично.<br>Ревизијата, констатира дека системот државна помош не е соодветно воспоставен и поради нецелосно планирање на средствата во буџетот на Агенцијата и доделување на истите откако Владата на Република Македонија, по претходни | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ургенции на Агенцијата, донела Одлука за префрлање на истите од разделот Функции на државата. Ова дотолку повеќе што и на крајот од 2009 година Агенцијата повторно се соочува со недостиг на средства за плаќање на обврските по основ на државна помош бидејќи средствата планирани со Буџетот се одземени со ребалансот. Поради утврдените слабости во воспоставениот систем на државна помош, ревизијата не се увери во наменското користење на средствата доделени како државна помош. Ревизијата напоменува дека во договорите кои Агенцијата ги склучила со странските инвеститори (Џонсон Мети, Тривју и), по склучување на договорот со Џонсон Контрол, значаен дел од утврдените слабости се надминати, а до денот на ревизијата Собранието на Република Македонија го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски зони со кој се очекува | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | државната помош како систем да функционира економично, ефикасно и ефективно. | | | |
| 10.4.2 | Со увид во сметководствената евиденција ревизијата утврди дека за работењето на 18-те економски промотори потрошени се 35.950 илјади денари. Промоторите, преку презентирање на економските можности на земјата треба да го привлечат интересот на странските инвеститори за инвестициони вложувања во Република Македонија.<br>Имено, по укажувањето на министерот за надворешни работи, на потребата од испраќање на економски аташеа по амбасадите на Република Македонија во други земји, заради привлекување странски инвестиции и зголемување на извозот на македонските компании, Владата на Република Македонија во април 2007 година донела Заклучок во Агенцијата за странски инвестиции да има нови вработени – промотори кои со посета и презентирање во 40 - 45 фирми | Да се воспостави систем за редовно следење на работата на промоторите и прикажување на остварените резултати во привлекување и реализација на странски инвестициони проекти врз база на конкретни параметри.<br><br>Во функција на попрецизно утврдување критериуми за оправдано ангажирање на економските промотори да се изврши анализа на економската состојба и оценка за очекуваните инвестиции од секоја земја каде што се упатени промоторите. | **Препораката е спроведена.** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | месечно, во земјата каде што се испратени, треба да ја промовираат државата. Од оваа активност се очекува да се зголеми бројот на: контактирани компании и извршени презентации, оперативниот радиус на економските промотори, нивото на странските инвестиции во земјата.<br>Од Информацијата за вкупно постигнатите резултати од економските промотори ангажирани од Агенцијата за странски инвестиции и упатени на работа за периодот јануари 2008 - август 2009 година, ревизијата се информира дека од страна на сите промотори за период од 228,8 активни т.е. оперативни месеци1, контактирани се 11,245 компании, од кои со 4,160 компании или 37% остварени се средби за активна економска промоција на деловната клима во Република Македонија.<br>Како резултат на спроведените | | | |

[1] (ова е збир на сите активни месеци за сите промотори од кој се исклучува периодот за годишни одмори и три службени посети во РМакедонија секоја со траење од две работни седници),

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | активности на промоторите, до крајот на август 2009 година, 118 компании оствариле посета на Република Македонија. Воспоставениот систем за следење на остварените резултати од работењето на промоторите недоволно ги дефинираат ефектите од нивното ангажирање, како основа за оценување на наменско користење на буџетските средства. | | | |
| | **Системски слабости** | | | |
| 11 | Ревизијата укажува на системската слабост во законската регулатива со која се опфатени сите формирани агенции во РМ. Имено, со Законот за организација и работа на органите на државната управа, регулирани се одделни агенции со кои управуваат директори, како норган на управување. Од друга страна, одделни агенции се формирани согласно посебни закони (како што е случајот со Агенцијата за странски инвестиции), со кои на различен начин е уредено | Да се донесе закон за Агенции , со цел да се дефинира статусот на истите дефинирање на органите на управување, пред се од аспект дали агенциите користат буџетски средства или се финансираат од сопствени средства или се финансираат од сопствена извори на средства. | **Препораката не е спроведена.** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | прашањето на управување, односно во одделни случаи како орган е назначен директорот и управниот одбор.<br>Наведената системска слабост има влијание и врз законската регулатива од аспект кој е давател на државна помош. Имено, согласно Законот за државна помош, Владата на РМ и органите на управа се даватели на државна помош, а Агенцијата за странски инвестиции според Законот за основање на истата не е орган на управа. Агенцијата е државен орган со Управниот одбор како орган на управување и директор кој раководи со истата. | | | |
| 10.1.1 | Владата на Република Македонија во текот на 2008 и 2009 година не наименувала нови членови, а Управниот одбор и понатаму функционира во првобитниот состав, иако со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија од јули 2008 година, се менуваат | Одговорното лице да ја информира Владата на РМ за состојбата поврзана со функционирањето на Управниот одбор како и пополнетоста на истиот. | **Препораката е спроведена.** | Комплетен состав на УО на АСИПИРМ е именуван од страна на Владата на РМ, со Реешение број 23-500/1 од 23.01.2012 година и решение број 23-500/2 од 21.02.2012 година и оттогаш истиот функционира во полн состав. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | одредбите за составот на членовите на Управниот одбор на Агенцијата. Директорот на Агенцијата повеќе пати се обратил до Владата на Република Македонија да изврши замена на членови кои континуирано отсуствуваат поради оддалеченоста на местото на живеење и работа, работни активности и др. причини, како и замена на членови кои си поднеле оставка.<br>Владата на Република Македонија во Декември 2009 година донесе Решение за именување нов Управен одбор, но истото не е во согласност со законската одредба за именување членови на Управен одбор, поради тоа што наместо седум содржи шест члена. Седмиот член кој согласно законот треба да е од приватниот сектор, сеуште не е наименуван.<br>Институционалната поставеност го отежнува функционирањето на Агенцијата. | | | |
| | | | | |